19)	во тарифниот број 28.03 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Јаглерод (вклучувајќи и јаглени саѓи):";		
20)	во тарифниот број 28.05 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Алкални и земно-алкални метали; метали на ретки земји; натриум и скандиум; нивни мешаници или легури; жива:";		
21)	во тарифниот број 28.06 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Хлороводородна киселина и хлорсулфурна киселина;";		
22)	во тарифниот број 29.11 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Алдехиди, алдехид-алкохоли, алдехид-етри, алдехид-феноли и други алдехиди со прости или сложени кислородни функции, циклични полимери алдехиди; параформалдехид:";		
23)	во главата 29 називот на разделот VII се менува и гласи: „Карбонски киселини и нивни анхидриди, халиди, пероксиди и перкиселини и нивни халогени, сулфо-, нитро- и нитрозо-деривати";		
24)	во тарифниот број 29.14 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Монокарбонски киселини и нивни анхидриди, халиди, пероксиди и перкиселини и нивни халогени, сулфо-, нитро- или нитрозо-деривати:";		
25)	во тарифниот број 29.15 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Поликарбонски киселини и нивни анхидриди, халири, пероксиди и перкиселини и нивни халогени, сулфо-, нитро- или нитрозо-деривати:";		
26)	во тарифниот број 29.16 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Карбонски киселини со функција на алкохоли, феноли, алдехиди или кетони и други карбонски киселини со проста или сложена кислородна функција и нивни анхидриди, халиди, пероксиди и перкиселини и нивни халогени сулфо-, нитро- и нитрозо-деривати:";		
27)	во тарифниот број 29.25 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Соединенија со карбоксиамидна функција; соединенија на јаглена киселина со амидна функција:";		
28)	во тарифниот број 29.26 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Соединенија со карбоксиамидна функција (вклучувајќи и сулфимид, ортобезоова киселина и негови соли) и соединенија со амино функција (вклучувајќи и хексаметилентетрамин и триметилентринитрамин):";		
29)	во тарифниот број 29.39 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Хормони, природни или добиени со синтеза; нивни деривати што главно се користат како хормони; други стероиди што главно се користат како хормони:";		
30)	во тарифниот број 29.43 точката 2 се брише. Досегашните точ. 3 и 4 стануваат точ. 2 и 3;		
31)	во тарифниот број 32.03 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Синтетични органски материи за штавење, и неоргански материи за штавење; препарати за штавење кои содржат или не содржат природни материи за штавење; енцимски препарати за претходно штавење (на пр. од енцимско, панкреесто или бактериско потекло):";		
32)	во тарифниот број 32.09 во наименувањето, во уводната реченица по зборовите: „фолии за печат; бои" се додаваат зборовите: „и други материи за бојосување";		
33)	во тарифниот број 32.12 во наименувањето, увод-		

1	2	3	4
	ната реченица се менува и гласи:		
	„Стаклорезачки китови; китови за калемење, сликарски китови; неогноотпорни препарати за ѕидарство; китови за пополнување и печатење и слични, вклучувајќи и емоли, китови и цементи:“;		
34)	во главата 34 во називот, зборовите: „восоци за забари“ се заменуваат со зборовите: „забарски восоци“;		
35)	во тарифниот број 34.01 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи:		
	„Сапун; органски површински активни средства, што се користат како сапун, во форма на стапчиња, колачиња и парчиња формирани или леани, комбинирани со сапун или не:“;		
36)	во тарифниот број 38.19 во точка 1 под н) одредбата под 5) се менува и гласи:		
	„5) препарати за прехранбената индустрија	ЛБ	ЛБ“;
37)	во тарифниот број 39.01 во точка 3 одредбата под а) се менува и гласи:		
	„а) во прав, гранули и лушпи	ЛБ	ЛБ“
	Во точка 3 по одредбата под з) се додава нова одредба под ѕ) која гласи:		
	„ѕ) ленти	ЛБ	ЛБ“
	Во точка 8) под одредбата под е) се додава нова одредба под ж), која гласи:		
	„ж) полиетри за полиуретани	ЛБ	ЛБ“;
38)	во тарифниот број 39.02 во точка 1 под в) одредбата под 6 се брише.		
	Досегашната одредба под 7 станува одредба под 6.		
	Во точка 3 одредбата под б) се менува и гласи:		
	„б) од низок притисок во прав и гранули (густина над 0,932)	ЛБ	ЛБ
	Во точка 6 одредбата под а) се менува и гласи:		
	„а) полистирол и кополимерстирол со над 50% стирол, во прав, гранули и зрнца	ЛБ	РК“
	Во точка 8 одредбата под е) се менува и гласи:		
	„е) во прав, зрнца, гранули и лушпи	ЛБ	ЛБ“
	Во точка 8 по одредбата под е) се додава нова одредба под ж), која гласи:		
	ж) поливинил алкохол	ЛБ	ЛБ“;
39)	во тарифниот број 44.03 во точка 5 одредбата под б) се менува и гласи:		
	„б) телефонски, телеграфски и електрични столбови од дрво од сите видови неимпрегнирани:		
	1) од широколисници	Д	ЛБ
	2) од иглолисници	Д	ЛБ
	в) телефонски, телеграфски и електрични столбови од дрво од сите видови импрегнирани:		
	1) од широколисници	ЛБ	ЛБ
	2) од иглолисници	ЛБ	ЛБ“
	Досегашната одредба под в) станува одредба под г)		
40)	Во тарифниот број 44.09 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи:		
	„Дрво за обрачи, притки цепени; стапови и колци од дрво зашилени, небичени по должина, отпадоци од дрво, целулозно дрво во парчиња или ситни честички, цепки од дрво, што се употребуваат за производство на оцетна киселина или за бистрење на течности:“;		
41)	во тарифниот број 44.21 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи:		
	„Комплетни дрвени сандаци за пакување, кутии, гајби, барабани и слична амбалажа:“;		
42)	во тарифниот број 51.04 во точка 1 под б) по одредбата под 1 се додава нова одредба под 2, која гласи:		
	„2) ткаенини непропустливи за шатори и чадори	ЛБ	ЛБ“
	Досегашната одредба под 2 станува одредба под 3		
43)	во тарифниот број 57.03 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи:		
	„Јута и други влакна од лико што не се наведени ниту опфатени во некоја друга одредба на оваа тарифа, сурова или преработена но невпредена; повесма и колчишта од овие материјали (вклучувајќи и раскубени крпи или јажиња):“;		
44)	во тарифниот број 57.06 наименувањето се менува и гласи:		

1	2	3	4
	„Предиво од јута или од други текстилни влакна од лико од тар. бр. 57.03“;		
45)	во тарифниот број 57.10 наименувањето се менува и гласи: „Ткаенини ткаени од јута или од други текстилни влакна од лико од тар. бр. 57.03“;		
46)	во тарифниот број 58.07 во наименувањето, уводната реченица по зборот; „жанила“ се додаваат зборовите: „(вклучувајќи и флокирано жанила-предиво),“;		
47)	во тарифниот број 59.03 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Ткаенини од споено предиво и предмети од овие ткаенини, импрегнирани, превлечени или не:“;		
48)	тарифниот број 59.08 се менува и гласи: „Текстилни ткаенини импрегнирани, обложени или покриени или ламинирани со препарати на целулозни деривати или на други синтетични пластични материјали:		
	1) Ткаенини за мебел:		
	а) врз база на поливинил хлорид	ЛБ	ГДК
	б) врз база на други вештачки и синтетички материјали	ЛБ	ДК
	2) Други:		
	а) ткаенини за производство на обувки и галантерија:		
	1) врз база на поливинил хлорид	ЛБ	ГДК
	2) врз база на други вештачки и синтетички материјали	ЛБ	ДК
	б) друго:		
	1) врз база на поливинил хлорид	ЛБ	ГДК
	2) врз база на други вештачки и синтетички материјали	ЛБ	ДК“;
49)	во тарифниот број 60.05 во точ. 1 до 6 по одредбата под ѓ) се додава нова одредба под е) која гласи:		
	„е) друго	ЛБ	ЛБ“;
50)	во тарифниот број 61.06, по точка 3 се додава нова точка 4, која гласи:		
	„4) Од синтетички влакна	ЛБ	ЛБ“.
	Досегашните точ. 4 и 5 стануваат точ. 5 и 6		
51)	во тарифниот број 64.02 во точка 2 по одредбата под ѣ) се додава нова одредба под о), која гласи:		
	„о) обувки други	ЛБ	ЛБ“;
52)	во тарифниот број 64.04 во точка 3) зборовите: „(пластика, филц, линолеум и др.)“ се бришат;		
53)	во тарифниот број 68.04 во наименувањето, уводната реченица зборовите: „немонтирано на постаменти“ се заменуваат со зборовите: „без постамент“;		
54)	во тарифниот број 69.01 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Тули за топлотна изолација, блокови, керамиди и слични стоки за топлотна изолација од силикатно фосилно брашно или од слични силикатни земји (на пр.: киселгур, приполит или дијатомит):“;		
55)	во тарифниот број 69.14 во точка 3 по одредбата под б) се додава нова одредба под в), која гласи: „в) друго	ЛБ	ГДК“;
56)	во тарифниот број 70.12 наименувањето се менува и гласи: „Внатрешни стакла за термос-шишиња и други изолирани садови“;		
57)	во тарифниот број 73.13 по точка 5 се додава нова точка 6, која гласи: „6) Друго	ЛБ	РК“;
58)	во тарифниот број 73.15 по точка 26 се додава нова точка 27, која гласи: „27) Друго	ЛБ	РК“;
59)	во тарифниот број 73.21 во наименувањето, во уводната реченица зборовите: „комплетни или не, споени или не,“ се бришат;		
60)	во тарифниот број 73.22 во наименувањето, во уводната реченица по зборовите: „материјали“ се додаваат зборовите: „освен гас под притисок или течен гас)“;		
61)	во тарифниот број 73.24 наименувањето се менува и гласи: „Контенери од железо или челик за гас под притисок или за течен гас“;	ЛБ	ГДК“;
62)	во тарифниот број 73.33 во наименувањето, во уводната реченица по зборовите: „челик,“ запирката и зборовите: „вклучувајќи и недовршени“ се бришат;		

1	2	3	4
63)	во тарифниот број 73.37 во наименувањето, во уводната реченица зборот: „парни“ се брише;		
64)	во тарифниот број 73.38 во наименувањето, во уводната реченица зборот: „градежна“ се брише.		
65)	во тарифниот број 74.09 во наименувањето, во уводната реченица по зборот. „материјали“ се додаваат зборовите: „(освен гас под притисок или течен гас)“;		
66)	во тарифниот број 74.18 во наименувањето, во уводната реченица зборот: „градежна“ се брише.		
67)	во тарифниот број 76.08 во наименувањето, во уводната реченица зборовите: „комплетни или не, споени или не,“ се бришат		
68)	во тарифниот број 76.09 во наименувањето, уводната реченица по зборовите: „материјали“ се додаваат зборовите: „(освен гас под притисок или течен гас)“;		
69)	во тарифниот број 76.11 наименувањето се менува и гласи: „Контенери од алуминиум за гас под притисок или за течен гас“;	ЛБ	ГДК“;
70)	во тарифниот број 76.15 во наименувањето, во уводната реченица зборот: „градежни“ се брише;		
71)	во тарифниот број 82.04 во наименувањето во уводната реченица зборот: „вградени“ се брише, а зборовите: „острила монтирани врз постамент“ се заменуваат со зборовите: „острила со постамент“;		
72)	во тарифниот број 83.01 во наименувањето, во уводната реченица по зборот: „предмети“ запирката и зборовите: „довршени или не“, се бришат;		
73)	во тарифниот број 84.01 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Котли за производство на водена и друга пара (исклучувајќи ги котлите за централно греење со топла вода, кои се способни да произведуваат пара од низок притисок); котли за прегрејување на вода:“;		
74)	во тарифниот број 84.02 во наименувањето, во уводната реченица зборовите: „за парни котли со водена или друга пара“ се заменуваат со зборовите: „за котлите од тар. бр. 84.01“;		
75)	во тарифниот број 84.09 точ. 2 и 3 се менуваат и гласат:		
	„2) Друмски валјаци со дизел-погон:		
	а) до 4 t	ЛБ	ЛБ
	б) над 4 до 12 t	ЛБ	ДК
	в) над 12 t	ЛБ	ЛБ
	3) Вибро-валјаци:		
	а) влечени вибрациони валјаци,-мазни, без полнење, до 4 t	ЛБ	ДК
	б) влечени вибрациони ежови, без полнење до 4 t	ЛБ	ДК
	в) самоодни тандем вибрациони валјаци, без полнење до 10 t	ЛБ	ДК
	г) други	ЛБ	ЛБ“;
76)	во тарифниот број 84.17 во точка 1 одредбата под г) се менува и гласи:		
	„г) за парење и сушење:		
	1) за парење на дрво	ЛБ	ЛБ
	2) друго	ЛБ	ГДК“;
	Во точка 1 под е) одредбата под 2 се менува и гласи: „2) евапоризатори	ЛБ	ДК“;
	Во точка 1 под s) одредбата под 1 се брише. Досегашните одредби под 2 до 7 стануваат одредби под 1 до 6;		
77)	во тарифниот број 84.18 во точка 2 одредбата под б) се менува и гласи:		
	б) машини: уреди за филтрирање и пречистување на течности и гасови:		
	1) изменливи филтери за флуиди за машини, апарати и уреди:		
	а) до 4 kg	ЛБ	ГДК
	б) над 4 kg	ЛБ	ГДК
	2) машини и уреди за пречистување, смекнување и регенерација:		
	а) на воздух и гасови недоволно чисти или загадени при преработката, согорувањето и користењето	ЛБ	ДК
	б) природни и отпадни води	ЛБ	ДК
	в) други течности со и без притисок	ЛБ	ДК
	г) друго	ЛБ	ЛБ“
78)	во тарифниот број 84.21 во точка 4 одредбата под д) се менува и гласи: „д) над 400 1 до 800 1, влечени	ЛБ	ГДК“
79)	во тарифниот број 84.22 точка 4 се менува и гласи:		

1	2	3	4
	„4) Машини и уреди за транспортирање во ров:		
	а) греблести транспортери	ЛБ	ДК
	б) друго	ЛБ	ЛБ“.
	Во точка 5 одредбите под а) и б) и одредбата под д) под 3 се менуваат и гласат:		
	а) транспортери со гумена или челична лента врз база на движење на лентата, со сопствен погон:		
	1) до 400 mm широчина	ЛБ	ЛБ
	2) над 400 до 2000 mm широчина	ЛБ	ДК
	3) над 2000 mm широчина	ЛБ	ЛБ
	б) транспотери со гумена или челична лента врз база на вибрација на лентата, со сопствен погон:		
	1) до 400 mm широчина	ЛБ	ЛБ
	2) од 400 до 2000 mm широчина	ЛБ	ДК
	3) над 2000 mm широчина	ЛБ	ЛБ
	д) друго:		
	3) јамски натоварувачи	ЛБ	ЛБ“;
80)	во тарифниот број 84.23 во точка 5 одредбата под б) се менува и гласи:		
	„б) машини за набивање — вибратори	ЛБ	ДК“;
81)	во тарифниот број 84.36 во точка 4 одредбите под а) и в) се менуваат и гласат:		
	„4) Влачарници (карди) и развлачници:		
	а) за памук, коноп и лен:		
	1) влачарници (карди)	ЛБ	ЛБ
	2) развлачници	ЛБ	ДК
	в) за вештачки и синтетични влакна:		
	1) влачарници (карди)	ЛБ	ЛБ
	2) развлачници	ЛБ	ДК“.
	Во точка 7 одредбите под а) и в) се менуваат и гласат:		
	„7) Машини за дублирање и кончење на предиво:		
	а) од памук, коноп и лен:		
	1) машини за дублирање:		
	а) автоматски	ЛБ	ЛБ
	б) други	ЛБ	ДК
	2) машини за кончење	ЛБ	ЛБ
	в) од вештачки и синтетични влакна:		
	1) машини за дублирање:		
	а) автоматски	ЛБ	ЛБ
	б) други	ЛБ	ДК
	2) машини за кончење	ЛБ	ЛБ“;
82)	во тарифниот број 84.37 точ. 1, 2 и 3 се менуваат и гласат:		
	„1) Разбои за ткаење на волнени, памучни и свилени ткаенини обични:		
	а) за ткаење на свилени ткаенини	ЛБ	ЛБ
	б) други	ЛБ	ДК
	2) Разбои за ткаење на волнени, памучни и свилени ткаенини со жакард-машини и со слични машини — автомати:		
	а) Кунковни:		
	1) за свила	ЛБ	ЛБ
	2) други	ЛБ	ДК
	б) без Кунковни	ЛБ	ЛБ
	2) Разбои за тантели и позамантерија:		
	а) без Кунковни	ЛБ	ЛБ
	б) други	ЛБ	ДК“.
	Во точка 7 по одредбата под б) се додава нова одредба под в) која гласи:		
	в) други	ЛБ	ЛБ“.
	Точка 8 се менува и гласи:		
	„8. Сновалки:		
	а) за волна	ЛБ	ДК
	б) други	ЛБ	ЛБ“;
83)	во тарифниот број 84.40 во точка 1 под а) одредбата под 2 се менува и гласи:		
	„2) машини за сушење на текстил:		
	а) со ситести барабани	ЛБ	ДК
	б) други	ЛБ	ЛБ“.
	Одредбите под д), ѓ), ж) и з) се менуваат и гласат:		
	д) машини за белење и бојосување на предиво:		
	1) со електроних	ЛБ	ЛБ
	2) други	ЛБ	ДК
	ѓ) машини за белење и бојосување на ткаенини:		
	1) жигери	ЛБ	ДК
	2) друго	ЛБ	ЛБ
	ж) машини и уреди за апретирање и слични машини:		
	1) машини за валање на ткаенини	ЛБ	ДК
	2) други	ЛБ	ЛБ
	3) машини за свиткување, сечење и намотување на ткаенини:		
	1) за намотување и метрење	ЛБ	ДК
	2) други	ЛБ	ЛБ“;
84)	Во тарифниот број 84.41 точка 9 се менува и гласи:		
	„1) Други индустриски машини за шиење:		

1	2	3	4
	а) за составување делови на трикотажа со помош на копци — синцирење, до финост 16/2,57 cm	ЛБ	ДК
	б) друго	ЛБ	ЛБ";
85)	во тарифниот број 84.42 точ. 1, 2 и 3 се менуваат и гласат:		
	„1) За приготвување и штавење:		
	а) машини за приготвување на кожи и крзна:		
	1) за симнување на месо и масноти	ЛБ	ДК
	2) за цедење на кожи, проодни	ЛБ	ДК
	3) за цедење на кожи од каландерски тип	ЛБ	ДК
	4) друго	ЛБ	ЛБ
	б) машини за штавење на кожи	ЛБ	ЛБ
	2) За обработка:		
	а) машини за пеглање и шагринирање на кожи	ЛБ	ДК
	б) машини за брусење и стружење на кожи и крзна 1.800 mm	ЛБ	ДК
	в) друго	ЛБ	ЛБ
	3) За изработка и поправка на обувки и на други изработки од кожа:		
	а) машини за изработка на обувки (освен шивачки машини):		
	1) машини за изработка на горни делови на обувки	ЛБ	ДК
	2) машини за монтажа на кожени обувки (освен машини за цвикање)	ЛБ	ДК
	3) друго	ЛБ	ЛБ";
86)	во тарифниот број 84.45 во точка 1 под а) одредбата под 1 се менува и гласи:		
	„1) Чекани на пружина, парни и воздушни:		
	а) чекани на пружина	ЛБ	ДК
	б) чекани воздушни	ЛБ	ДК
	в) чекани парни	ЛБ	ЛБ".
	Во точка 1 под б) одредбата под 1в се брише.		
	Во точка 2 под ѓ) одредбата под 1б се менува и гласи:		
	„1) Краткоодни и долгоодни:		
	б) рендалки и шепинг-машини, други:		
	1) краткоодни хоризонтални	ЛБ	ДК
	2) други	ЛБ	ЛБ";
87)	во тарифниот број 84.49 во точка 3 одредбата под а) се менува и гласи:		
	„а) алати рачни, на моторен погон:		
	1) за дрво	ЛБ	ЛБ
	2) други	ЛБ	ГДК";
88)	во тарифниот број 84.50 во точка 4 одредбата под б) се менува и гласи:		
	„б) за сечење:		
	1) на слабови и инготи	ЛБ	ЛБ
	2) други	ЛБ	ГДК";
89)	во тарифниот број 84.52 во точка 1 по одредбата под б) се додава нова одредба под в), која гласи:		
	„в) електронски	ЛБ	ДК";
90)	во тарифниот број 84.53 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи:		
	„Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици: магнетни и оптички читачи, машини што податоците ги ставаат на подлога во форма на шифра и машини за обработка на такви податоци, што не се наведени ниту опфатени во некоја друга одредба на оваа тарифа:";		
	Во точка 3 одредбата под а) се менува и гласи:		
	„а) електронски сметачки машини, освен од тар. бр. 84.52	ЛБ	ЛБ";
91)	во тарифниот број 84.56 точка 2 се менува и гласи:		
	„2) уреди и опрема за приготвување и вградување на бетон:		
	а) подвижни бетонирки, капацитет до 15 m^3/h бетон со ротациона или присилна мешалка	ЛБ	ДК
	б) стабилни бетонирки, капацитет до 50 m^3/h бетон, со присилна мешалка	ЛБ	ДК
	в) друго	ЛБ	ЛБ".
	Во точка 5 одредбата под а) се менува и гласи:		
	„а) дробилки и мешалки	ЛБ	ДК".
	Точка 7 се менува и гласи:		
	„7) Друго:		
	а) асфалтни бази, капацитет до 40 тони/h	ЛБ	ДК
	б) друго	ЛБ	ЛБ";
92)	во тарифниот број 84.59 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи:		
	„Машини и механички уреди што имаат посеб-		

1	2	3	4
	ни функции, кои не спаѓаат во ниеден тарифен број на оваа глава:";		
93)	во тарифниот број 85.01 во точка 1 под б) по одредбата под 1 се додава нова одредба под 2, која гласи:		
	„2) статички	ЛБ	ГДК";
94)	во тарифниот број 85.08 во наименувањето во уводната реченица зборовите: „динама и прекинувачи што се употребуваат" се заменуваат со зборовите: „генератори (динама и алтернатори) и прекинувачи што се користат заедно";		
95)	во тарифниот број 85.15 во наименувањето, во уводната реченица зборовите: „(вклучувајќи ги и оние со вградени грамофони)" се заменуваат со зборовите: „(вклучувајќи ги и приемниците што имаат вградени магнетофони или апарати за репродукција на звук)";		
96)	во тарифниот број 85.19 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Електрични апарати за спојување и прекинување на електрични кола, за заштита на електрични кола на споеви во електрични кола (на пример: прекинувачи, релеи, осигурувачи, громобрани, придушувачи на пренапон, штекери, подножја за цевки, составни кутии); отпорници фиксни или променливи (вклучувајќи и потенциометри), освен загревни отпорници; печатени кола, командни табли (освен телефонски командни табли) и контролни табли:";		
97)	во тарифниот број 85.21 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Електронски цевки, цевки со ладна катода и со фотокатода, вакуумски цевки (вклучувајќи и цевки полнети со живина пара или со гас, катодни цевки, цевки за ТВ-камери, исправувачки со живин лак); фото-ќелии, монтирани пиезо — електрични кристали, диоди, транзистори и слични полупроводнички елементи; електронски микро-кола:";		
98)	во тарифниот број 86.08 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Контенери специјално конструирани и опремени за превоз со едно или со повеќе видови превозни средства:";		
99)	во тарифниот број 87.03 во наименувањето, во уводната реченица по зборовите: „противпожарни коли" се додаваат зборовите: „возила за чистење на патишта,";		
100)	во тарифниот број 87.07 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Возила со механички погон, што се користат во фабрики, складови, докови или воздухопловни пристаништа, за превоз на кратки растојанија или за манипулација со стоки (на пример: возила со платформа, виљушкари и возила со фаќалки за подигање и пренесување на товар на кратки растојанија); трактори што се користат на железнички станици; делови за наведените возила:";		
101)	во тарифниот број 89.02 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Бродови специјално изградени за влеча или за туркање на други пловила:";		
102)	во тарифниот број 90.07 точка 7 се менува и гласи: „7) Делови:		
	а) за замена во графичката индустрија	ЛБ	ЛБ
	б) други	ЛБ	ГДК";
103)	во тарифниот број 90.08 точка 3 се менува и гласи: „3) Кино-проектори:		
	а) кино-проектори од 8 mm, со касета во составот на копецот, за наставни цели	ЛБ	ЛБ
	б) други	ЛБ	ГДК";
104)	во тарифниот број 90.10 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Апарати и опрема што се користат во фотографски или кинемато-		

1	2	3	4
	графски лаборатории, што не спаѓаат во ниеден тар. број на оваа глава; апарати за фотокопирање, со или без оптички или контактен систем, и апарати за копирање со топлотна постапка, екрани за проектори:";		
105)	во тарифниот број 90.12 точка 2 се менува и гласи:		
	„2) Други оптички микроскопи:		
	а) флуоресцентни микроскопи	ЛБ	ЛБ
	б) други	ЛБ	ГДК";
106)	во тарифниот број 90.19 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Ортопедски справи, хируршки појаси, затеги и слично, копчиња и други помагала за преломи; вештачки екстремитети, очи, заби и други вештачки делови на телото; помагала за глуви и други апарати што се носат или вградуваат во телото, што го надоместуваат недостатокот или инвалидноста:";		
107)	во тарифниот број 91.09 во наименувањето, во уводната реченица по зборот: „делови" запирката се заменува со две точки, а текстот до крајот се брише;		
108)	во тарифниот број 92.12 точ. 2 и 3 се менуваат и гласат:		
	„2) Магнетофонски ленти и сл:		
	а) магнетофонски ленти	ЛБ	ЛБ
	б) друго	ЛБ	ЛБ;
	3) Друго:		
	а) магнетни картички, дискови и валјаци и сл.	ЛБ	ЛБ
	б) друго	ЛБ	ЛБ";
109)	во тарифниот број 92.13 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Други делови и прибор за апаратите што спаѓаат во тар. број 92.11:";		
110)	во тарифниот број 93.06 во наименувањето уводната реченица се менува и гласи: „Делови на оружје, вклучувајќи и необработени цевки за огнено оружје, освен делови за оружјето од тар. бр. 93.01:";		
111)	во тарифниот број 97.06 во точка 8 одредбата под е) се менува и гласи:		
	„е) скии и прибор од друг материјал	ЛБ	ГДК".
	По одредбата под е) се додава нова одредба под ж), која гласи:		
	„ж) друго	ЛБ	ЛБ";
112)	во тарифниот број 98.07 во наименувањето, уводната реченица се менува и гласи: „Жигови за датум, за печатење или за ставање броеви и слично (вклучувајќи и направи за печатење или втиснување на етикети), конструирани за работа со рака; датумари или печатарски комплети со кои се ракува рачно:".		

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува на работите што ќе се склучат и ќе ѝ се пријават на банката од тој ден.

Р. п. бр. 239
8 август 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

643.

Врз основа на член 37 став 1 и член 37б од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71, 29/71 и 26/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОБВРСКАТА ЗА ПРИБАВУВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА УВОЗ НА ОДДЕЛНИ СТОКИ

1. Во Одлуката за обврската за прибавување согласност за увоз на одделни стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/68, 54/68, 15/69, 57/70, 24/71, 57/71, 28/72 и 18/73) во точка 1 став 1 редниот број 68, се брише.

2. Оваа одлука се однесува на работите на увозот на стоки што ќе се склучат и ќе ѝ се пријават на банката од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 240
8 август 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с.р.

644.

Врз основна на член 37д став 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71, 29/71 и 26/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА ГЛОБАЛНАТА ДЕВИЗНА КВОТА ЗА УВОЗ НА СТОКИ ЗА ЛИЧНА ПОТРОШУВАЧКА ВО 1973 ГОДИНА

1. Во Одлуката за утврдување и распределба на глобалната девизна квота за увоз на стоки за лична потрошувачка во 1973 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/73), во точка 1 бројот: „1.353,200.000" се заменува со бројот: „1.673,200.000".

2. Во точка 2 во одредбата под 1) бројот: „326,400.000" се заменува со бројот: „646,400.000".

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 241
8 август 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с.р.

645.

Врз основа на член 37д став 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71, 29/71 и 26/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА ДОПОЛНИТЕЛНИОТ ИЗНОС НА ГЛОБАЛНАТА ДЕВИЗНА КВОТА ЗА 1973 ГОДИНА НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И РЕМОНТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ МАШИНИ, ТРАКТОРИ И ОПРЕМА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ОД УВОЗ

1. На работните организации за одржување и ремонт на земјоделски машини, трактори и опрема за 1973 година, покрај износот на глобалната девизна квота што им припаѓа врз основа на Одлуката за утврдување и распределба на глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1973 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/72), им се утврдува и дополнителен износ на глобалната девизна квота во височина од 32,000.000 динари во девизите што се од значење за одржувањето на ликвидноста во меѓународните плаќања за увоз на резервни делови што служат за одржување и ремонт на земјоделски машини, трактори и земјоделска опрема.

2. Распределбата на дополнителниот износ на глобалната девизна квота од точка 1 на оваа одлука, се врши според одредбите на Одлуката за утврдување и распределба на глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1973 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 242
8 август 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с.р.

646.

Врз основа на член 75 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/72), на предлог на Советот на гувернерите, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ДЕЛОТ НА ПРИХОДИТЕ НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА, ШТО СЕ ИЗДВОЈУВА ЗА ТРОШОЦИТЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА БАНКНОТИ И КОВАНИ ПАРИ ВО 1973 ГОДИНА

1. Делот на приходите на Народната банка на Југославија што, согласно со член 75 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини, се издвојува за трошоците на изработката на банкноти и ковани пари во 1973 година, изнесува 98,337.000 динари.

2. Износот од точка 1 на оваа одлука се обезбедува од средствата што, во смисла на член 74 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини, Народната банка на Југославија се здобива за вршењето на својата дејност.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

Р. п. бр. 244
8 август 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с.р.

647.

Врз основа на член 54 став 6 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71, 29/71 и 26/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА СТОКИТЕ ШТО МОЖАТ ДА СЕ УВЕЗУВААТ САМО ВО СОГЛАСНОСТ СО СКЛУЧЕНИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ

1. Производите од овој став можат да се увезуваат само во границите одредени со општествените

договори што, во смисла на член 54 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство, ќе ги склучат организациите на здружениот труд во рамките на Стопанската комора на Југославија, и тоа:

1) маслени погачи од соја;
2) маслени погачи од маслинки;
3) маслени погачи од сончоглед;
4) маслени погачи од репа;
5) маслени погачи од конопово семе;
6) маслени погачи од ленено семе;
7) маслени погачи од други маслени семиња и плодови (освен рицинус);
8) маслени сачми од репка;
9) маслени сачми од сончоглед;
10) маслени сачми од конопово семе;
11) маслени сачми од ленено семе;
12) маслени сачми од соја;
13) маслени сачми од тиквини семки;
14) маслени сачми од други маслени семиња и плодови (освен рицинус);
15) какао во зрно;
16) какаови пасти;
17) какаов путер;
18) какао во прав.

Со општествените договори од став 1 на оваа точка мора да се обезбеди организирано настапување на странски пазари и регионално насочување на увозот на маслени сачми и погачи.

2. Ако општествените договори од точка 1 на оваа одлука не се склучат до 31 октомври 1973 година, увозот на производите од таа точка ќе се врши под условите што ќе ги пропише Сојузниот извршен совет.

До влегувањето во сила на прописите на Сојузниот извршен совет, увозот на производите од точка 1 на оваа одлука ќе се врши по важечките прописи.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 245
8 август 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

648.

Врз основа на член 20 став 3 и член 25 став 2 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 52/69, 22/70, 25/70, 58/71, 63/72 и 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ СТАПКИ ЗА УВОЗ НА ОДРЕДЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Царинските стапки пропишани со Царинската тарифа, која е составен дел на Законот за Царинската тарифа, се зголемуваат за 50% за производите наведени во следните тар. броеви, и тоа:

25.07/6 Бентонит
32.07/5 Пигменти врз база на титан диоксид
39.01/6 Епоксидни смоли

2. Овластувањето на Сојузниот извршен совет за одредување на царинските контингенти и на пониските царински стапки односно за ослободување од плаќањето на царината од член 20 став 2 од Законот за Царинската тарифа, се применува и врз стапките од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 247
8 август 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

649.

Врз основа на член 28 од Законот за кредитните работи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПОЛАГАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ ПРИ УВОЗОТ НА ОПРЕМА ОД СТРАНСТВО НА КРЕДИТ ЗА ПРИОРИТЕТНИТЕ ГРАНКИ И ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СТОПАНСТВОТО

1. Депозитите на странските кредити и депозитите по гаранциите и супергаранциите по таквите кредити не се полагаат ако кредитите во странство се користат за увоз на опрема за потребите на приоритетните гранки и дејности од областа на стопанството, под услов кредитите да се склучени со рок за враќање подолг од 5 години.

Како приоритетни гранки и дејности од областа на стопанството, во смисла на оваа одлука, се сметаат гранките и дејностите наведени во глава III оддел 6 став 13 на Општествениот план на Југославија за период од 1971 до 1975 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/72).

2. Депозитите по странските кредити од точка 1 на оваа одлука, што во смисла на Одлуката за височината на депозитот при увозот на опрема од странство на кредит („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/72) и Одлуката за височината на депозитот по гаранциите и супергаранциите на овластените банки („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/72), положени пред денот на влегувањето во сила на оваа одлука, им се враќаат на депонентите.

3. Ослободувањето од полагање на депозити според оваа одлука го одобрува Народната банка на Југославија врз основа на потврда од Службата на општественото книговодство дека организацијата на здружениот труд, за чии потреби се врши увозот на опремата од странство на кредит, е распоредена во некоја од гранките или дејностите наведени во глава III оддел 6 став 13 на Општествениот план на Југославија за период од 1971 до 1975 година.

Потврдата од став 1 на оваа точка ѝ се поднесува на Народната банка на Југославија заедно со известувањето за намерата за склучување на работата за увоз на опрема од странство на кредит.

4. Технички упатства за примена на оваа одлука дава Народната банка на Југославија.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 248
8 август 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

650.

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 51/69, 22/70, 25/70, 58/71, 63/72 и 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОНИСКИ ЦАРИНСКИ СТАПКИ ЗА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО ИНДУСТРИЈАТА НА ШЕЌЕР

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во индустријата на шеќер, наместо царинските стапки предвидени во Царинската тарифа односно во Решението за одредување на пониски царински стапки на увоз на одредени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/73), ќе се применуваат следните царински стапки:

Тарифен број	Наименување	Царинска стапка
1	2	3
84.10/2	Ротациони пумпи	
	Ex.	
	Ротациони пумпи за транспорт на меласа, густ сок и шеќеровина	5
84.10/3	Центрифугални пумпи	
	Ex.	
	— Центрифугални пумпи со променлив број на вртења	
	— Центрифугални пумпи за транспорт на мешаница на репа и вода, капацитет над 400 тона на час	5
84.13/3	Автоматски огнари на котли со течно гориво	
	Ex.	
	Горилници на мазут	5
84.14/4в	Други печки	
	Ex.	
	Печки за непрекинато печење на вар со постојано одржување на јаглендиоксидот на најмалку 32%, корисна зафатнина над 100 кубни метри	5
84.17/1б	Машини и уреди за пречистување	
	Ex.	
	Уреди за пречистување на шеќерен сок со варно млеко и со јаглендиоксид	5
84.17/1в	Машини и уреди за стерилизација и пастеризација	
	Ex	
	Уреди за стерилизација на вода од преси за пумпа	5
84.17/1г	Машини и уреди за парење и сушење	
	Ex.	
	Уреди за сушење на шеќер во коцки	5
84.17/1s	Други машини и уреди	
	Ex.	
	— Катализатори на дефузиони уреди за екстракција на сок од изрежана шеќерна репа — погонски дел	5
	— Спирални изменувачи на топлина за загревање на шеќерен сок	5
84.18/2а	Центрифуги за течност	
	Ex.	
	Центрифуги за издвојување на шеќер во кристал од матичен сируп	5
84.18/2б	Машини и уреди за филтрирање или пречистување на течности и гасови	
	Ex.	
	— Уреди за згуснување на тиња со филтрирање	5
	— Уреди за смекнување на шеќерни сокови	5
84.19/8	Машини за дозирање и пакување	
	Ex.	
	Машини за дозирање и пакување на шеќер	5
84.20/1	Ваги и апарати за мерење и контрола во производството	
	Ex.	
	— Уреди за дозирање на варно млеко и уреди за пречистување на шеќерен сок	5
	— Ваги за мерење резанки на шеќерна репа на транспортери	5
	— Електронски ваги за мерење на бруто и нето тежина на мостри на шеќерна репа	5
	— Електронски ваги за дозирање на мостри на шеќерна репа	5
84.21/4е	Други атомизери и слични прскалки	
	Ex.	
	Уреди за истовар на репа со воден млаз	5.
84.22/5д	Други машини и апарати за дигање, манипулација, натовар или истовар и сл.	
	Ex.	
	— Уреди за пневматски транспорт на суви резанки на шеќерна репа	5
	— Автоматски уреди за земање мостри на шеќерна репа од камиони	5
84.25/10	Машини за вадење компир и репа	
	Ex.	
	Машини за вадење репа	5
84.25/12	Други машини, апарати и справи	
	Ex.	
	Преси за палетизирање на суви резанки на шеќерна репа	5
84.30/7	Машини и уреди за изработка на шеќер	
	Ex.	
	— Вибрациони сита за миење на шеќерна репа	5
	— Уреди за отстранување на камење од мешаница на репа и вода — фаќачи на камење	5
	— Машини за режење на шеќерна репа	5
	— Погонски дел и сита за дифузни уреди за екстракција на сок од изрежана шеќерна репа	5

1	2	3
	— Преси за пулпа, содржина на сува материја над 18%	5
	— Уреди за изработка на шеќер во коцки	5
	— Машини за миење на мостри на шеќерна репа	5
	— Маси за сортирање на шеќерна репа	5
	— Пилести режала за режење на мостри на шеќерна репа	5
	— Машини за екстракција и филтрација на репина каша од мостри на шеќерна репа	
84.33/1	Машини за изработка на хартиени кесиња, пликови и други предмети за пакување од хартија и картон	
	Ex.	
	Машини за изработка на кутии за пакување на шеќер во коцки	5
84.45/1б-1	Преси со механички погон	
	Ex.	
	Преси за исправување на ножеви на машини за режење на шеќерна репа	5
84.45/2в-2	Брусилки за рамно брусење	
	Ex.	
	Уреди за рамнење на ножеви на машини за режење на шеќерна репа	5
84.45/2д-3	Глодалки коширни, специјални и други	
	Ex.	
	Специјални глодалки за острење на ножеви на машини за режење на шеќерна репа	5
84.59/2к	Други машини и механички уреди	
	Ex.	
	Уреди за класирање на шеќер во кристал со вибрациона постапка	5
90.24	Инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматска контрола на протокот, длабочината, притисокот и сл.	
	Ex.	
	— Уреди за контрола на протокот на шеќерен сок	5
	— Уреди за регулирање на густината на шеќерен сок	5
90.25	Инструменти и апарати за физички и хемиски анализи	
	Ex.	
	Апарати за одредување на јачината на шеќерниот раствор — сахариметри	5
90.28	Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска контрола	
	Ex.	
	Апарати за утврдување на содржината на шеќер во мостри на шеќерна репа — поларимeтри	5

2. Ова решение ќе се применува и на производите увезени од 1 јануари до 1 февруари 1973 година, ако во тој период царината за тие производи не е платена според Решението за одредување на пониски царински стапки за специфичната опрема што се користи во индустријата на шеќер („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист СФРЈ", а ќе се применува од 2 февруари 1973 година до 31 декември 1975 година.

Р. п. бр. 243
8 август 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

651.

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 52/69, 22/70, 25/70, 58/71, 63/72 и 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗМЕНА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОНИСКИ ЦАРИНСКИ СТАПКИ НА УВОЗ НА ОДРЕДЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Во Решението за одредување на пониски царински стапки на увоз на одредени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/73) во точка 1 тар. број 28.25 се брише.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 246
8 август 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

652.

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „QUICK"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на списанието „Quick" број 30 од 19 јули 1973 година, кој излегува на германски јазик во Хамбург, СР Германија.

Бр. 650-1-22/102
9 август 1973 година
Белград

По властување на сојузниот секретар за внатрешни работи
потсекретар,
Силво Горенц, с. р.

653.

Врз основа на член 349 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/73), по претходно прибавеното мислење на Заедницата на југословенските пошти, телеграфи и телефони, директорот на Сојузната управа за царини пропишува

УПАТСТВО

ЗА ЦАРИНСКАТА ПОСТАПКА СО ПОШТЕНСКИТЕ ПРАТКИ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова упатство се пропишува царинската постапка со поштенските пратки што содржат стоки подложни на царински надзор, што од царинското подрачје на Југославија се извезуваат, во царинското подрачје на Југославија се увезуваат или преку царинското подрачје на Југославија се провозуваат.

Обврски на поштата во царинската постапка

2. Во царинската постапка со поштенските пратки, поштата врши пренос на поштенски пратки помеѓу царинарниците и корисниците на поштенските услуги, како и други работи во врска со царинската постапка со поштенските пратки, според одредбите на Царинскиот закон и прописите донесени врз основа на тој закон.

Како поштенски пратки се подразбираат:

1) писмоносни пратки што се извезуваат (испраќаат), се увезуваат (пристигаат) или се провозуваат во затворени писмоносни вреќи или во писмоносни обвивки (пакети);

2) пакети што се извезуваат (се испраќаат), се увезуваат (пристигаат) или се провозуваат во затворени вреќи, кошници или како самостојни пакети;

3) писма и кутии со означена вредност, кои се извезуваат (се испраќаат), се увезуваат (пристигаат) или се провозуваат во вреќи или како самостојни пратки.

Поштата е должна сите пакети, писма и кутии со означена вредност, што се извезуваат (се испраќаат) или се увезуваат (пристигаат), да ѝ ги пријави и поднесе на надлежната царинарница заради царински преглед. Оваа обврска важи за сите писмоносни пратки што се увезуваат или се извезуваат, а кои содржат стоки подложни на царински надзор или по обемот односно тежината на пратката може да се претпоставува дека содржат такви стоки.

Од царински преглед се изземаат поштенските пакети што се провозуваат во затворени вреќи, кошници и вагони или како самостојни пакети.

Пријавување на поштенските пратки

3. Пакетските изменични пошти и помошните изменични пошти се должни да ѝ ги пријават на надлежната царинарница односно на надлежната царинска испостава сите пакети, писма и кутии со означена вредност, што од царинското подрачје на Југославија се извезуваат, во царинското подрачје на Југославија се увезуваат или преку царинското подрачје на Југославија се провозуваат. Пријавувањето се врши врз основа на копија или препис од списокот за размена на странска пошта што го заверува царинарницата односно царинската испостава.

Пакетските изменични пошти и помошните изменични пошти се должни на влезната царинарница да ѝ предадат една копија или препис од пакетскиот список за размена на странска пошта.

Вреќи што содржат писмоносни пратки не ѝ се пријавуваат на царинарницата.

Писмоносните изменични пошти што се во картовна врска со поштите во странство се должни сите писмоносни пратки пристигнати од странство, за кои претпоставуваат дека содржат предмети односно стоки подложни на царински преглед, да ги испратат до надлежните пошти на царинењето со посебни писмоносни заклучоци. Поштата на царинењето овие пратки ѝ ги пријавува на царинарницата односно на царинската испостава врз основа на поштенско-царинската пријава.

Царинските органи можат да присуствуваат при одвојувањето на пратките во изменичните пошти.

Поштите на царинењето се должни да им ги пријават на царинските испостави сите пакети од странство што ќе им пристигнат. Пријавувањето се врши со предавање на заверен дупликат од пакетскиот список за размена на пакетска изменична пошта, кој ти придружува тие пратки и со поднесување на поштенско-царинска пријава.

Увозни и извозни ограничувања

4. Поштата е должна на испраќачот на пратката да му ги даде потребните известувања во врска со поштенско-царинската постапка.

Известувања за ограничувањата односно за забрана на извозот на одделни видови стоки од Југославија, како и за условите на увозот во земјата во која се упатува пратката, поштата му дава на испраќачот ако располага со податоци за тоа.

Ако е потребно посебно одобрение за извоз односно увоз на некои стоки, поштата ќе го упати испраќачот односно примателот на пратката да ги прибави потребните исправи или да побара потребни известувања од надлежната царинарница.

Писмоносни пратки ослободени од давачки и такси

5. Освен пратките од член 338 на Царинскиот закон, не се упатуваат на царински преглед ниту пратките:

1) што содржат филмови кои се праќаат заради развивање:

2) за кои Сојузната управа за царини, согласно со важечките прописи, ќе одлучи да не се упатуваат на царински преглед.

Пратките од став 1 на оваа точка непосредно им се испраќаат на одредишните пошти.

II. ИЗВОЗ

Постапка кај поштата на царинењето

6. Поштенските пратки што во странство ги испраќаат физички лица, а кои содржат стоки подложни на царински преглед, ги презема поштата на царинењето според прописите за вршење на внатрешната поштенска служба и проверува дали секоја пратка е придружена со царинска декларација Ц2/ЦП-3 во соодветен број примероци и со други потребни прилози. Поштата на царинењето е должна сите пратки да ги поднесе на царински преглед уште истиот ден, а најдоцна наредниот ден, водејќи сметка за првенството за поднесување на преглед и царинење во смисла на член 340 од Царинскиот закон.

Царинската испостава ја заведува декларацијата во својата книга на евиденцијата и става евидентен број, врши преглед, ги пресметува и ги наплатува пропишаните такси и податоците за тоа ги запишува на првата половина од предната страна на декларацијата.

За пратките предадени на поштата на царинењето на царински преглед од страна на правни лица, подносителот на пратката е должен да пополни извозна царинска декларација.

Писмоносната пратка што ја предава физичко лице, работникот на поштата внимателно ја отвора и нејзината содржина, освен писменото соопштување, му ја става на увид на работникот на царината кој врши преглед. По извршениот царински преглед и по внесувањето забелешка на образецот на царинската декларација Ц2/ЦП-3, работникот на царината го задржува уникатот на декларацијата за потребите на царинарницата, а другите примероци, со потребните прилози, му ги враќа на работникот на поштата на царинењето.

По извршениот царински преглед работникот на поштата ја пакува и затвора пратката така што до содржината на пратката да не може да се дојде без видна повреда на обвивката. Од пратката ја симнува етикетата „Подлежи на царина" (Образец ПЦ-4), а на нејзиното место става етикета „Оцаринето" (Образец ПЦ-1). Писмоносна пратка која содржи стоки подложни на царински надзор не смее да се испраќа во странство без етикетата Ц1.

Пакетите за странство се поднесуваат на царински преглед на истиот начин како и писмоносните пратки. Откако е извршен царинскиот преглед, работникот на поштата го затвора пакетот во истата обвивка во која пристигнал пакетот. Од обвивката на пакетот и од спроводницата ја симнува етикетата „Подлежи на царина" (Образец ПЦ-4) и на нејзиното место ја става етикетата „Оцаринето" (Образец ПЦ-2) или „Слободно од царина" (Образец ПЦ-3).

Пакетите што ги испраќаат југословенски трговски организации на здруженото труд во странство можат да се изземат од отворање под услов нивната содржина да може да се утврди од фактурата или од други исправи што го придружуваат пакетот.

Ако при царинскиот преглед се утврди дека испраќачот е должен дополнително да уплати уште некои царински давачки што не ги уплатил, односно да поднесе други исправи, работникот на царината испоставува посебна уплатница на соодветен износ давачки односно констатира кои исправи недостигаат и сето тоа ѝ го предава на поштата на царинењето. Примената уплатница, со допис со потребното објаснение, во службено препорачано писмо поштата на царинењето ѝ ја испраќа на приемната пошта, која веднаш по приемот го повикува испраќачот да го уплати износот означен на уплатницата односно да ги поднесе бараните исправи.

Пакетите за кои е барано дополнително да се уплатат давачки или поднесат одредени исправи, по завршувањето на царинскиот преглед, се задржуваат и се чуваат кај поштата на царинењето до пристигањето на уплатата односно на бараните исправи, а најдолго 10 дена. Пакети со лесно расиплива стока не се задржуваат кај поштата на царинењето туку веднаш по извршениот преглед ѝ се враќаат на приемната пошта.

По извршената уплата односно по приемот на бараните исправи, приемната пошта е должна признаницата за извршената уплата односно поднесените исправи уште истиот ден во препорачано писмо да ѝ ги испрати на поштата на царинењето. Цената за препорачано писмо од прва стапка на тежина се наплатува од испраќачот. Ако испраќачот одбие да го уплати бараниот износ на давачките односно да ги поднесе бараните исправи, приемната пошта ѝ ја враќа уплатницата со потребениот извештај на поштата на царинењето. Кога ќе го прими извештајот дека испраќачот одбил да ги плати царинските давачки односно да ги поднесе бараните исправи, поштата на царинењето ја раздолжува пратката и ѝ ја враќа на приемната пошта.

Испраќање на поштенски пратки по царинскиот преглед

7. По завршениот царински преглед поштата на царинењето им ги испраќа писмоносните пратки според картовните врски на писмоносната изменична пошта.

Пакети се распоредуваат и ѝм се испраќаат на изменичните пошти кои составуваат пакетски заклучоци за односните земји. Пакетите им се упатуваат на изменичните пошти заедно со пакетски список за размена, кој го составува поштата на царинењето а го заверува царинската испостава. Оригиналот на тој список го задржува царинската испостава, а дупликатот го заверува и ѝ го предава на поштата на царинењето заради приклучување кон картата. Ако за испраќање на пакети се употребуваат пакетски вреќи, на називниците на вреќите со итни пакети се става етикетата „Express". Издвоените пакети секогаш се испраќаат отворено.

Ако пакетите не им се испраќаат на одделни изменични пошти секојдневно, во картата на заклучокот се внесува редниот број на испраќањето. Редниот број на испраќањето се води континуирано за една цела година. Изменичните пошти се должни да водат евиденција за точното пристигање на овие заклучоци. Ако редниот број на заклучокот не се сложува, изменичните пошти се должни утврдената неисправност да ѝ ја соопштат на односната пошта на царинењето.

Постапка на изменичните пошти при извозот

8. Пристигнатите пакети изменичните пошти ги преземаат од поштата на царинењето врз основа на картата на заклучокот и дупликатот на пакетскиот список за размена. По уредното преземање на пакетскиот заклучок, изменичната пошта го потврдува дупликатот на пакетскиот список на размената и ѝ го предава на царинарницата.

Изменичната пошта не смее да испраќа во странство ниту еден пакет на кој нема царински обележја (царински пломби, етикети „Оцаринето" или етикети „Слободно од царина", а на спроводницата на заверката за извршениот царински преглед, со потписот на работникот на царината и со отпечатокот на печатот на царинарницата). Ако на изменичната пошта ѝ пристигне пакет од поштата на царинењето или од некоја друга пошта (во место со царинска испостава) без царински обележја, изменичната пошта ѝ го враќа пакетот на надлежната пошта на царинењето заради дополнителен преглед. На таквата пратка изменичната пошта става етикета „Подлежи на царина" (Образец ПЦ-4).

III. УВОЗ

Преземање на заклучоци на границата

9. Преземањето на заклучоците со поштенските пратки од странство се врши под надзор на работникот на царината.

Писмоносните вреќи се преземаат од странските пошти и со редовните картовни врски им се испраќаат на надлежните писмоносни изменични пошти. Ако писоносните вреќи се провозни, тие им се испраќаат на одредени излезни изменични пошти.

Писмоносните вреќи ѝ се пријавуваат на царинарницата односно на царинската испостава усно, а им се испраќаат на писмоносни изменични пошти односно излезни изменични пошти, со список за размена.

Помошните изменични пошти ги пријавуваат пакетите и пакетските вреќи на тој начин што на царинарницата односно на царинската испостава ѝ предаваат копија или препис од списокот за размена на странската пошта на вкупниот број на преземените пакетски пратки. Пред упатувањето на пакетите и пакетските вреќи до надлежната изменична пошта, работникот на царината ја споредува бројната состојба на увезените пакетски пратки со копијата односно со списокот за размена на странската пошта, и тоа го заверува на копијата односно на преписот на пакетскиот список за размена на странската пошта што ѝ го предава на помошната изменична пошта, а еден примерок од копијата односно преписот на списокот за размена задржува за себе. Помошната изменична пошта ги испраќа сите преземени пакетски пратки, заедно со пакетскиот список за размена, составен во трипликат врз основа на списокот за размена на странската изменична пошта, до надлежните изменични пошти. Овие списоци ги заверува работникот на царината и во нив мораат да бидат запишани сите пакетски пратки преземени од странската изменична пошта. Еден примерок на пакетскиот список за размена работникот на царината задржува за себе, а другите два примерока ѝ ги предава на помошната изменична пошта.

По завршеното распоредување на пакетите, пакетската изменична пошта составува заклучок за секоја пошта на царинењето за кои пристигнале пакетски пратки, односно за секоја излезна изменична пошта. Кон картата се прилагаат спроводниците на пакетите, царинските декларации Ц2/ЦП-3 и пакетскиот список за размена заверен од страна на царинарницата односно од царинската испостава. Во списокот за размена за патувачката пошта, која ќе ги превезува пакетските пратки, се внесува вкупниот број на вредносните пакети и на пакетските вреќи за односната пошта на царинењето и за излезната изменична пошта. Сите обични пакети од странство се сметаат како вредносни пакети во поглед на картирањето. Ако означената вредност им преминува 200 златни франци, таквите пакети се картираат поединечно. На називницата на пакетската врека се испишува називот на поштата на царинењето односно називот на излезната изменична пошта на која ѝ се испраќа заклучокот и редниот број на испраќањето, а под тоа, во облик на дропка, се испишува како броител редниот број на врекаата (ако заклучокот се состои од повеќе вреки), а како именител бројот на пакетите што ги содржи врекаата. По тоа за секоја пошта на царинење на која ѝ се испраќаат пакети, односно за секоја излезна изменична пошта ако се во прашање провозни (транзитни) пакети, изменичната пошта составува список за размена во трипликат во кој ги запишува сите пошти на царинењето и излезните изменични пошти, како и бројот на пакетите односно на пакетските вреки, што се испраќаат за секоја од тие пошти. Работникот на царината го спроведува бројот на пријавените пакети односно на пакетските вреки, што е означен во списокот за размена, со бројот на пакетите односно на пакетските вреки, што е означен во копијата или во преписот на пакетскиот список за размена на странската пошта. Уникатот на списокот за размена го задржува царинарницата, а дупликатот и трипликатот ги заверува и ѝ ги враќа на изменичната пошта. Изменичната пошта ги испраќа пакетските пратки, со картата и со заверениот дупликат на пакетскиот список за размена, до надлежната пошта на царинењето односно до надлежната изменична пошта, а трипликатот на пакетскиот список за размена го задржува за себе. На врекаата називница на пакетската врека, која ѝ се испраќа на поштата на царинењето, а во која има авионски мошне итни или итни пакети, изменичната пошта става соодветна етикета (на пример, „PAR AVION", „URGENT", „EXPRESS").

Ако за испраќање на пакетски заклучок се употребат еден или повеќе вагони, во списокот за размена се запишува и вкупниот број на вагоните. По извршениот натовар на пакетските пратки во вагонот, картата и списокот за размена, заедно со спроводниците на пакетите, се ставаат во вагонот така што врзопот со тие исправи се приврзува за една од пакетските пратки која се наоѓа близу до вратата, за да може лесно да се пронајде по отворањето на вагонот. Вагонот се затвора од двете страни, по правило, со катанци, а царинарницата става царинска пломба. На за тоа одреденото место на вагонот поштата става етикета „Подлежи на царина" (Образец ПЦ-4), со отпечаток на поштенскиот жиг, на кој со крупни букви е испишан називот на поштата што го испраќа заклучокот и називот на поштата на која гласи заклучокот. Со тие вагони понатаму во сé се постапува на истиот начин како и со вагоните што содржат пакети во внатрашениот сообраќај. Царинарницата во седиштето на изменичната пошта односно на поштата на царинењето со враќањето на дупликатот од списокот за размена ѝ потврдува на влезната царинарница дека пакетските пратки исправно пристигнале и дека се пријавени.

Постапка на изменичните пошти со неисправните пакети

10. Ако на помошната изменична пошта односно на изменичната пошта која непосредно врши размена со странската пошта ѝ стигне неисправен пакет или основано се посомнева во исправноста на пакетот, работникот на поштата, откако ќе постапи според прописите на Аранжманот за поштенските пратки, составува одјавен лист (Образец ЦП-13) за односната странска изменична пошта, како и записник во три примероци што го потпишуваат работникот на поштата и работникот на царината (Образец ЦП-14). Уникатот на записникот се испраќа со пакетската пратка, дупликатот го задржува граничната царинарница, а трипликатот го задржува изменичната пошта.

Поимот на неисправен пакет е одреден со одредбите на Аранжманот за поштенските пратки.

На пакетите што не носат приемни броеви на поштите кај кои се примени (на пример, на пакетите од Соединетите Американски Држави или од други земји), изменичните пошти се должни да ставаат свои пакетски етикети (Образец ПЦ-6). На ист начин постапуваат и изменичните пошти што преземаат авионски пакетски пратки.

Ако од странство пристигне пакет без спроводница, изменичната пошта составува спроводница за пакетот (Образец ЦП-2), на која испишува ознака: „Дополнителна". Дополнителната спроводница се пополнува со латиница.

Постапка на писмоносните изменични пошти со писмоносните заклучоци

11. По отворањето на заклучоците писмоносните изменични пошти ти издвојуваат пратките што содржат или за кои се претоставува дека содржат стоки подложни на царински надзор и ги испраќаат тие пратки до надлежните пошти на царинењето.

Ако писмоносната изменична пошта утврди дека пратката, која подлежи на царински преглед, е оштетена или основано се посомнева во исправноста на пратката, ќе состави I дел и II дел на записникот за неисправноста на пратката (Образец П-85). Освен тоа, за утврдената неисправност ќе состави одјавен лист (Образец Ц-14) и ќе ѝ го испрати на поштата од која е примен заклучокот. Ако при составувањето на записникот се утврди дека пратката содржи динари или други вредности, поштата постапува според прописите за девизната контрола на поштенските пратки.

При испраќањето на писмоносните пратки од став 1 на оваа точка до поштите на царинењето, писмоносната изменична пошта е должна на врекните називници на вреките во кои се наоѓаат итни пратки да стави етикета „Express".

Преземање на писмоносните заклучоци во поштите на царинењето и пополнување на поштенско-царинските пријави

12. Преземањето и отворањето на писмоносните заклучоци во поштата на царинењето го врши, по правило, комисија составена од еден работник на царината кого ќе го одреди надлежната царинарница односно царинска испостава и од еден работник на поштата кого ќе го одреди управникот на поштата. По исклучок, отворање на овие заклучоци може да врши и комисија составена од двајца работници на поштата, но само по претходно одобрение од надлежната царинарница односно царинска испостава.

Прво се отвораат писмоносните вреки што носат етикета „Express". По отворањето на писмоносните вреки, работникот на поштата ги споредува најпрво пратките со уписот извршен во картата на писмоносниот заклучок. Оние пратки што не подлежат на царински преглед, работникот на царината ги одвојува и ѝ ги враќа на поштата таа на нив да стави етикета „Не подлежи на царина" (Образец ПЦ-5) и да ги испрати понатаму. Обичните писмоносни пратки, кои не подлежат на царински преглед, поштата на царинењето им ги испраќа на одредишните пошти, а со оние што подлежат на царински преглед постапува според внатрешните по-

штенски прописи и ги запишува во поштенско-царинската пријава (ПЦ-10). Се издвојуваат и не се воведуваат во поштенско-царинската пријава и оние писмоносни пратки што според територијалната надлежност ѝ припаѓаат на некоја друга пошта на царинење. Писмоносните пратки што ѝ се пријавуваат на царинарницата претходно се измеруваат и тежината се означува на самата пратка. Таквите пратки поштата на царинењето ги внесува во поштенско-царинската пријава. Поштенско-царинската пријава се составува во дупликат. На одреденото место во заглавјето се запишува редниот број на пријавата кој се води континуирано во текот на целата година.

Запишување на пратките во поштенско-царинската пријава се врши по нивното пристигање, така што под последната пратка од еден заклучок запишана во пријавата се повлекува подебела линија и на тој начин во пријавата пратките се групираат според пристигањето на одделните заклучоци.

Зависно од организацијата на работата и од времето на пристигањето на писмоносните и пакетските заклучоци, пратките запишани во поштенско-царинската пријава се поднесуваат на преглед еднаш или повеќе пати дневно, за што одлучува управникот на поштата, во спогодба со управникот на царинарницата односно со шефот на царинската испостава. Во секој случај поштенско-царинската пријава се заклучува по извршениот упис на пратките од последниот заклучок пристигнат истиот работен ден и ѝ се предава, заедно со пратките, на царинската испостава со потврда на копијата на поштенско-царинската пријава.

Преземање на пакетски заклучоци и пополнување на поштенско-царинските пријави кај поштата на царинењето

13. Пристигнатите пакети ги презема поштата на царинењето според прописите што важат за вршење на пакетската служба, и тоа во присуство на работникот, на царината, со тоа што поединечните пакети и пакетите во пакетски вреќи или во пломбирани вагони ги споредува со уписот во дупликатот на пакетскиот список за размена и со другите поштенски исправи. По исклучок, преземање и отворање на пакетски заклучоци без присуство на работникот на царината може да врши и комисија составена од двајца работници на поштата, ако тоа го одобри надлежната царинарница односно надлежната царинска испостава.

По отворањето на пакетскиот заклучок работникот на царината го зема дупликатот на пакетскиот список за размена, го потврдува и ѝ го враќа непосредно на царинарницата од која произлегува.

За пакетите или пакетските вреќи што пристигаат од пакетска изменична пошта без заверен дупликат на пакетскиот список за размена од страна на влезната царинарница, поштата на царинењето составува наоден список за размена, кон кој прилага препис од списокот за размена во кој се задолжени пакетите односно пакетските вреќи. Царинската испостава ги споредува податоците од наодниот список за размена со податоците од списокот за размена во кој се задолжени пакетите односно пакетските вреќи, па ако и по 24 часа не стигне заверен дупликат на пакетскиот список за размена од влезната изменична пошта односно од влезната царинарница, доставува заверен примерок од наодниот список за размена до влезната царинарница со потребното објаснение.

На истиот начин постапува изменичната пошта со пратките во провоз.

Ако на поштата на царинењето и пристигнат поголем односно помал број пакетски вреќи или пакети од оној што е заведен во дупликатот на пакетскиот список за размена и во картата на заклучокот, покрај постапката предвидена во прописите за вршење на внатрешната пакетска служба, за најдената состојба ќе се состави и записник во три примероци, кој го потпишуваат работниците на царината и на поштата. Уникатот и дупликатот на записникот му се предаваат на работникот на царината кој уникатот ѝ го доставува на царинарницата што го заверила дупликатот на пакетскиот список за размена, дупликатот се задржува, а трипликатот ѝ се доставува на поштата на царинењето.

Ако на поштата на царинењето и пристигне пакет кој според територијалната надлежност ѝ припаѓа на некоја друга пошта на царинење, таквиот пакет не се запишува во поштенско-царинската пријава туку ѝ се испраќа на надлежната пошта на царинењето. Во ваков случај поштата на царинењето на која погрешно ѝ пристигнал пакетот составува пакетски список за размена за погрешно пристигнатиот пакет на начин пропишан во точка 9 став 4 на ова упатство.

Пристигнатите пакети поштата на царинењето ги премерува и утврдената тежина ја споредува со тежината означена на пакетот односно на спроводницата.

По приемот на пакетскиот заклучок, поштата на царинењето веднаш ги поднесува на царински преглед авионските, мошне итните и итните пакети. Ако не е можно да се царинат сите пристигнати пакети од ист пакетски заклучок, или ако истовремено пристигнат поголем број пакетски вреќи односно пакети, поштата на царинењето ги издвојува само оние пакетски вреќи на чии називници постојат етикети „PAR AVION", „URGENT", „EXPRESS".

Овие вреќи мораат веднаш да се отворат, а пакетите да се запишат во поштенско-царинската пријава заради царински преглед. Во списокот за размена на односниот заклучок работникот на царината го означува бројот на пакетите издвоени за итна постапка, а конечно раздолжување врши дури по извршеното запишување на сите пакети од еден заклучок во поштенско-царинската пријава.

Пакетите што се поднесуваат на царински преглед се запишуваат во поштенско-царинската пријава според текстот на образецот. Кон поштенско-царинската пријава треба да се приклучат и исправите што ги придружуваат поштенските пакети (спроводни листови со други прилози). Ако посебно се водат поштенско-царинските пријави за пакети а посебно поштенско-царинските пријави за писмоносни пратки, па при запишувањето, по пополнетата пријава, останат незапишани мал број пратки за кои би требало да се земат нови обрасци на поштенско-царинската пријава, можат да се запишат во еден образец на поштенско-царинската пријава преостанатите пакети и писмоносни пратки. Во овој случај во заглавјето на таква заедничка поштенско-царинска пријава треба да се испише: „Пакети и писмоносни пратки".

Поштенско-царинската пријава се заклучува по запишувањето на пакетите од последниот заклучок пристигнат истиот работен ден, а по извршеното царинење му се предава на работникот на царината, со потврда на копијата на поштенско-царинската пријава. На одреденото место во заглавјето на пријавата се запишува редниот број на пријавата кој се води за една година.

За пратките од странство, упатени до државен орган, до организација на здруженото труд или до друга организација, поштата на царинењето му праќа на примателот известување за пристигањето на пратката во препорачано писмо, кон кое ја прилага пристигнатата поштенско-царинска декларација. Во ова известување на примателот му се соопштува да ги поднесе потребните исправи и да ја преземе пратката во рок од 10 дена од денот на приемот на известувањето. Ако примателот не ја подигне пратката во рок од 30 дена од денот на

Царинските давачки за пратките упатени до правни лица ги наплатува царинската испостава во поштата на царинењето, а за доказ дека царинските давачки се наплатени, покрај ознаката „Оцаринето", царинската испостава става ознака „Наплатени царинските давачки". Овие ознаки се ставаат за пакети на спроводниот лист, а за писмоносни пратки — на доставницата.

Ако примателот на пратката подложна на царинење е државен орган, организација на здружениот труд или друга организација, таквиот примател може да бара од поштата на царинењето пристигнатите пратки пред царинењето во негово присуство комисиски да се отворат за да се запознае со содржината на пратката заради поднесување на исправите за царинење на пратката. Писменото барање за отворање на пратката државниот орган, организацијата на здружениот труд или друга организација или претпријатие ѝ го поднесува на поштата на царинењето. Покрај примателот при отворањето на пратката присуствуваат одредени работници на поштата и царината. По извршениот преглед пратката се затвора и се пакува така што без повреда на обвивката да не може да се стигне до содржината на пратката.

Постапка при царинскиот преглед

14. Поштата на царинењето е должна за секоја пратка упатена до физичко лице, што ја поднесува на царински преглед, да го пополни заглавјето на увозната царинска декларација.

Царински преглед и царинење на поштенските пратки царинарницата врши веднаш по поднесувањето на поштенско-царинската пријава, и тоа по редот за првенство означен во член 340 на Царинскиот закон.

Работникот на поштата му ја поднесува пратката на работникот на царината и ја отвора во негово присуство. При царинскиот преглед може да присуствува примателот на пратката односно негов полномошник, ако тоа го бара од поштата на царинењето или од царинарницата.

Ако тоа го бара царинскиот орган, пратката пред отворањето мора повторно да се премери и утврдената тежина да се спореди со тежината означена во поштенско-царинската пријава. По тоа работникот на поштата внимателно ја отвора пратката, ги вади одделни делови на содржината, а работникот на царината врши попис и класификација на стоките и за секој вид стоки ја утврдува количината односно тежината. При тоа работникот на царината ги запишува во декларацијата подотоците што ги утврдил со прегледот и врши пресметување на царината и на други давачки. Откако работникот на царината ќе ги земе потребните податоци, работникот на поштата ја враќа содржината на пратката во нејзината обвивка и ја пакува и обезбедува пратката така што без видна повреда на обвивката да не може да се дојде до содржината на пратката, а по тоа на пратката става етикета „Оцаринето“ или „Слободно од царина“. Ако е во прашање пакет, етикетата се става и на спроводницата. За затворање на пратката се користи материјалот во кој пратката била запакувана. За пакување на пратката, ако тоа е потребно, мора да се употреби нова обвивна хартија. По извршениот царински преглед и затворањето на пратката, пратката мора да се премери па ако новоутврдената тежина отстапува од првобитно означената тежина, означената тежина на пратката се прецртува со молив во боја но така што да остане читлива. Новоутврдената тежина се испишува над или под порано означената тежина. Ако е во прашање пакет, исправката на означената тежина се врши на истоиот начин и на спроводницата.

Сите декларации царинската испостава ги заведува во контролникот на увозните декларации, а за секоја пратка ги исполнува сите делови на уплатницата што се однесуваат на давачките и таксите со кои пратката според декларацијата е оптоварена, испишувајќи ги сите потребни податоци на уплатницата. Дупликатот на царинската декларација, со уплатницата, царинската испостава ѝ го предава на поштата на царинењето. Поштата на царинењето го потврдува приемот на декларацијата на тој начин што во колоната „Забелешка“ на поштенско-царинската пријава, во рубриката во која е запишана последната царински прегледана пратка, го внесува почетниот и завршниот реден број од царинската пријава и вкупниот број на преземените декларации. Преземањето на декларациите работникот на поштата го потврдува со свој потпис.

Дупликатот од увозната царинска декларација со уплатницата поштата го прицврстува за писмоносната пратка. За пакетите дупликатот од декларацијата со уплатницата се прицврстува за спроводницата. Потоа пратката ѝ се испраќа на одредишната пошта односно му се предава на доставниот оддел.

Ако при царинскиот преглед се утврди дека содржината на пратката е наполно расипана, искршена или оштетена, или дека на некој друг начин станала наполно неупотреблива, се составува записник за неисправноста на пратката во три примероци. Записникот го потпишуваат работникот на царината и работникот на поштата. За писмоносни пратки записникот се составува на Образецот П-85, а за пакети — на Образецот ЦП-14. Уникатот од записникот со образложение ѝ се доставува на Заедницата на југословенските пошти, телеграфи и телефони, дупликатот ѝ се предава на царинската испостава а трипликатот останува во поштата на царинењето. Во колоната „Забелешка“ на поштанско-царинската пријава, за односната пратка се внесува соодветна забелешка (на пример: „Содржината наполно уништена — записник составен“). За пакети е потребно кон записникот со образложение задолжително да ѝ се достават на Заедницата на југословенските пошти, телеграфи и телефони и спроводниот лист на односниот пакет и царинската декларација Ц2/ЦП-3.

Ако при царинскиот преглед се утврди дека содржината на пратката е делум распипана, искршена односно оштетена, поштата на царинењето составува записник за неисправноста на пратката на начинот опишен во став 8 на оваа точка. Уникатот од записникот се испраќа со пратката со придружните исправи, дупликатот ѝ се предава на царинската испостава, а трипликатот ѝ останува на поштата на царинењето. Во колоната „Забелешка“ на поштенско-царинската пријава, во рубриката во која е запишана односната пратка се внесува забелешка „Составен записник“.

Постапка со стоките што подлежат на хемиско испитување, жигосување или стручна експертиза

15. Ако при царинскиот преглед се утврди дека пратката содржи предмети изработени од злато, сребро, платина односно од нивни легури, без оглед дали со некој жиг порано биле жигосани, пратката ќе се оцарини дури по извршеното жигосување. Ваквата пратка или дел од пратката чија содржина во целост или делум подлежи на жигосување, поштата на царинењето непосредно или преку за тоа одредената пошта на царинењето му ги поднесува на надлежниот орган за контрола на мерките и скапоцените метали заради жигосување. Заедницата на југословенските пошти, телеграфи и телефони, во спогодба со надлежниот орган за контрола на мерките и скапоцените метали, одредува на кој орган за контрола на мерките и скапоцените метали и во кое место поштите на царинењето ќе му ги упатуваат пратките заради жигосување. Во спогодба со надлежниот орган за контрола на мерките и скапоцените метали, поштата на царинењето ги одредува деновите во кои содржината на пратката ќе се поднесува на жигосување. Пратката односно деловите од содржината на пратката, што се поднесуваат на жигосување, се попишуваат во три примероци. Кога на жигосување се поднесува содржината на пратката во целост, се испишува бројот и називот на приемната пошта, името и презимето и местото на живеењето на примателот, со тоа што претходно содржината на пратката ќе се спореди со поштенско-царинската декларација што ја придружува пратката. Ако на жигосување се поднесуваат само делови на одделни пратки, се означуваат и предметите што се поднесуваат. Првиот примерок од списокот ѝ се предава на царинската испостава, втори-

от примерок, со пратките и предметите, му се испраќа на органот за контрола на мерките и скапоцените метали, а третиот примерок го задржува поштата на царинењето и на него органот за контрола на мерките и скапоцените метали го потврдува приемот на односните пратки и предмети.

Кога органот за контрола на мерките и скапоцените метали ќе изврши преглед и жигосување и ќе испостави сметка (признаница) на соодветен износ на надоместок за жигосување со пополнета уплатница за секоја пратка посебно, поштата на царинењето го потврдува преземањето на овие пратки на дупликатот на списокот. Поштата на царинењето потоа повторно ги поднесува пратките на царински преглед. На вакните пратки и спроводници поштата на царинењето става ознака: „Да се наплати жигосувањето и цената за поднесувањето на жигосување", а кон спроводницата се приклучува и уплатницата од надлежниот орган за контрола на мерките и скапоцените метали.

Ако царинарницата при царинскиот преглед утврди дека заради одредување квалитетот на стоките треба да се изврши хемиска анализа или какво и да било стручно испитување (стручна експертиза), а при поштата на царинењето односно при царинарницата не постојат стручњаци за таква работа, царинската испостава ќе земе мостри од стоките, уредно ќе ги обележи и со реферат ќе ги достави на хемиска анализа односно на стручно испитување. Другиот дел од пратката грижливо ќе се запакува, ќе се осигури со пломба и ќе се чува во поштата на царинењето до приемот на резултатот од извршеното стручно испитување. Од секој вид стоки се зема по една мостра во количина потребна за испитување. Земените количини стоки потребни за испитување се премеруваат и тежината се означува на обвивката на мострата. Садови и материјал за мострите дава царинската испостава. По извршеното испитување мострите ѝ се враќаат на царинарницата. Мострите на стоки земени за испитување се враќаат во пратката од која се земени, ако не се оштетени односно истрошени.

Ако пратката е задржана поради поднесување на жигосување или на стручно испитување, поштата на царинењето е должна на обвивката на таквата пратка и на спроводницата на пакетот да испише: „Пратката задржана поради — — — — — од ——— до ————", назначувајќи ја причината на задржувањето (жигосување, хемиска анализа, испитување на квалитетот на стоките и сл.) и од кој до кој датум е задржана пратката.

По добивањето на резултатот од испитувањето поштата на царинењето повторно ја поднесува односната пратка на царинење и понатаму постапува во сè како и со другите пратки.

Постапка во случај на одземање на стоки

16. Ако при царинскиот преглед се утврди дека поштенската пратка содржи скриени стоки односно дека стоките се запакувани така што да е очигледна намерата на испраќачот да ги прикрие заради одбегнување на плаќањето на царината, царинарницата го одзема скриениот дел на содржината во смисла на одредбите на Царинскиот закон. Царинарницата составува записник во дупликат, кој го потпишуваат работникот на царината и работникот на поштата. Уникатот од записникот, заедно со пронајдените скриени стоки, го задржува царинарницата заради донесување решение за прекршокот, а дупликатот од записникот го задржува поштата на царинењето и го приклучува кон дупликатот на поштенско-царинската пријава врз основа на која е пријавена пратката. Преостанатиот дел од пратката поштата на царинењето по царинењето ќе го запакува и понатаму ќе постапи според одредбите на ова упатство.

Два примерока од решението за одземање на стоките царинарницата ѝ предава на поштата на царинењето. Ако се одзема само дел од пратката, двата примерока на решението со пратката и со придружните исправи поштата на царинењето ѝ ги испраќа на одредишната пошта, која при испораката на пратката еден примерок на решението му врачува на примателот а другиот го задржува за себе.

Ако се одзема целата пратка, царинарницата ѝ предава на поштата на царинењето три примерока од решението за одземање на стоките. Еден примерок од решението, заедно со извештајот во кој се наведуваат сите потребни податоци за пратката (број, приемна пошта, ден на приемот, адреса на примателот и на испраќачот), поштата на царинењето ѝ доставува на Заедницата на југословенските пошти, телеграфи и телефони заради известување на испраќачот. Вториот примерок од решението поштата на царинењето го приклучува кон дупликатот на поштенско-царинската пријава, а третиот примерок му го доставува на лицето кому му е упатена пратката.

Ако примателот изјави дека против решението за одземање на содржината на пратката ќе се жали, одредишната пошта ќе му соопшти дека жалбата, кон која прилага препис од решението за одземање на стоките, треба да ѝ ја достави на Сојузната управа за царини, преку царинарницата што го донела решението за одземање на стоките.

Постапка со пратките чиј увоз е забранет или условно допуштен

17. Ако при царинскиот преглед се утврди дека пратката содржи стоки чиј увоз е забранет, а испраќачот не се откажал од пратката, поштата на царинењето ѝ ја враќа таквата пратка на приемната пошта преку изменичната пошта со увозно-провозна царинска спроводница (Образец бр. 5), што ја пополнува царинската испостава. Пред враќањето, ваквите пратки треба да се раздолжат во поштенско-царинската пријава со внесување на забелешката: „Вратено на испраќачот на ————".

Ако при царинскиот преглед се утврди дека пратката содржи стоки што се исклучени од пренесување преку пошта, како што се: опиум, морфиум и други опојни дроги, порнографски слики и др., ќе се постапи според одредбите на Светската поштенска конвенција, на Аранжманот за писмата и кутиите со означена вредност и на Аранжманот за поштенските пакети. Поштата на царинењето ја исклучува пратката од понатамошно пренесување и за тоа ја известува Заедницата на југословенските пошти, телеграфи и телефони, заради известување на поштенската управа од чија земја произлегува пратката за постапката што врз односната пратка е применета.

Во случајот од став 1 на оваа точка мора да се состави записник во три примероци. Еден примерок ѝ се доставува на Заедницата на југословенските пошти, телеграфи и телефони — ако пратката се исклучува од понатамошно пренесување, односно се приклучува кон придружните исправи и му се испорачува на примателот — ако пратката понатаму се испраќа. Вториот примерок на записникот останува во поштата на царинењето со соодветната поштенско-царинска пријава, а третиот примерок на записникот ѝ се предава на царинската испостава.

Ако при царинскиот преглед се утврди дека пратката содржи стоки чиј увоз во Југославија е дозволен само врз основа на посебно одобрение, поштата на царинењето ја задржува пратката, а од примателот, преку одредишната пошта, прибавува одобрение за увоз. Исто така, ако царинските органи дозволат, таквата пратка може да ѝ се испрати на одредишната пошта, со назначување — од примателот, пред испораката, да се прибави уверение или потврда дека увозот на такви стоки е дозволен. Пратката со препорачано писмо одредишната пошта ѝ ја доставува на поштата на царинењето, со наплата на поштарината.

Ако цринарницата донесе решение со кое на царинскиот обврзник му се налага да поднесе одредени докази или да ја исправи документацијата

односно да ги врати стоките во странство, примерок од решението им се врачува и на царинскиот обврзник и на поштата на царинењето. Поштата на царинењето ќе ги врати стоките во странство кога од царинарницата ќе биде известена дека решението станало извршно.

Испорака на оцаринети пратки

18. По пристигањето на пратката од поштата на царинењето одредишната пошта ја проверува исправноста на пристигнатата пратка и на односните исправи (спроводница; увозна царинска декларација, уплатница за царински такси, уплатница за жигосување, поштенска уплатница со износот на поштарината за посредување во царинењето).

Ако писмоносната пратка односно спроводницата на оцаринет пакет пристигне без уплатница за царински давачки, а на пратката стои ознаката: „Оцаринето", одредишната пошта ја задржува пратката и од надлежната пошта на царинењето бара дупликат на уплатницата за уплата на царинските давачки за односната пратка. Износите наплатени на име жигосување за пратките доставени односно испорачани, се уплатуваат со посебна уплатница за жигосување, при што се потвдува приемот на парите на првиот дел на уплатницата (признаницата). Врз основа на податоците од признаницата, на спроводницата односно на доставницата се запишуваат уплатните податоци (ден на уплатата и реден број на дневникот на уплатата).

Наплатената поштарина за поднесување на царинење на сите пратки што на обвивката имаат ознака односно етикета „Слободно од царина", „Оцаринето" или „Не подлежи на царина", како и за поднесување на жигосување на сите пратки што имаат ознака односно етикета „Да се наплати поштарина за поднесување на жигосување", одредишната пошта ѝ ја доставува со поштенска уплатница на поштата на царинењето односно со уплатница — на надлежниот орган за контрола на мерките и скапоцените метали.

Ако со придружните исправи пристигне налог од царинарницата пратката да се испорача по претходно прибавување на таква исправа, испорачната пошта го повикува примателот да прибави таква исправа, по кое што ќе му се испорача пратката. На исправата се става бројот на пратката и бројот на увозната царинска декларација, а потоа со препорачано писмо ѝ се испраќа на поштата на царинењето, со наплата на поштарината.

Пред уплатата на царинските давачки поштата е должна на примателот, на негово барање, да му го стави на увид дупликатот од увозната царинска декларација и спецификација на износите на царинските давачки со кои е оптоварена пратката. Ако примателот на пратката изјави дека ќе се жали поради тоа што смета дека квалитетот, количината или вредноста означена во увозната царинска декларација не ѝ одговара на вистинската состојба на стоките, поштата ќе ја врати неотворената пратка до надлежната пошта на царинењето, заедно со увозната царинска декларација и со другите исправи.

Ако примателот на пратката не го оспорува квалитетот, количината или вредноста означена во увозната царинска декларација туку става приговор во поглед на правилното применување на тарифниот број или на царинската стапка односно во поглед на износите на пресметаните давачки, поштата ја задржува пратката додека царинарницата не донесе решение, а најдолго 30 дена од денот на приемот на известувањето за пристигањето на пратката до примателот. Барањето зрителот ѝ го упатува на царинарницата преку испорачната пошта во препорачано писмо.

Раздолжување на пратките внесени во поштенско-царинските пријави царинската испостава врши врз основа на бревите на увозните царински декларации за секоја пратка.

Освен во случаите од точка 13 ст. 12 и 13 и точка 18 став 7 на ова упатство, испорачната пошта е должна да се придружува кон следните рокови за испорака на пратките, и тоа:

1) за испорака на писмоносни пратки:

— по потесното доставно подрачје — од 5 дена;

— во поширокото доставно подрачје — од 15 дена;

2) за испорака на пакети:

— во потесното доставно подрачје — од 15 дена;

— во поширокото доставно подрачје — од 30 дена.

Поштата го известува примателот за пристигањето на пратката како и за рокот во кој е должен да ја прими пратката. Ако се утврди дека пратката не може да се врачи, пратката ѝ се враќа на поштата на царинењето како неврачлива.

Постапка на поштата на царинењето и на царинарницата по приговор на примателот во поглед на извршено царинење

19. Ако на поштата на царинењето и пристигне пратка што одредишната пошта по барање на примателот ја вратила заради повторно царинење, пратката не се воведува во поштенско-царинската пријава туку се поднесува на повторен царински преглед заедно со пристигнатите исправи (приговор од примателот, увозна царинска декларација, спроводница и др.).

Ако царинарницата утврди дека приговорот на примателот е основан, ќе изврши повторно царинење на пратката, а пресметката на давачките и пратката ќе ѝ ги врати на поштата на царинењето заради врачување на примателот. Во ваков случај сите трошоци што ќе ги предизвика повторниот преглед на стоките односно проверката на правилното применување на тарифниот број и на тарифната стапка односно на пресметката на давачките ги поднесува царинарницата. Царинарницата составува нова увозна царинска декларација и пополнува нова уплатница на односниот износ, а на уникатот и дупликатот на поштенската царинска пријава со која е пријавена пратката врши потребни исправки.

Сите исправи (царинска декларација, уплатница и др.), што се однесуваат на пратките наведени во точка 18 став 6 на ова упатство, поштата на царинењето ѝ ги испраќа со препорачано писмо на одредишната пошта заради испорака. Исправите што се однесуваат на пратките наведени во точка 18 став 5 на ова упатство ѝ се приклучуваат на пратката односно на спроводниот лист.

Ако во врска со барањето на примателот за враќање на неправилно наплатени или повеќе наплатени царински давачки ѝ се потребни на царинарницата поштенските исправи односно податоци за пратката, поштата на царинењето ѝ ги става на располагање на царинарницата, а царинарницата примените исправи по увидот ѝ ги враќа на поштата.

Постапка со поштенските пратки чија испорака ја оспоруваат истражните органи

20. Ако овластениот истражен орган бара да му се предаде оцаринета поштенска пратка, одредишната пошта е должна таквата пратка, заедно со решението на истражниот орган, да ѝ ја врати на поштата на царинењето. Таквата пратка поштата на царинењето му ја предава на овластениот истражен орган со потврда за преземањето. Решението на истражниот орган, заедно со потврдата за преземањето и со увозната царинска декларација, поштата на царинењето ѝ го предава на царинарницата.

Царинарницата е должна за таквите пратки да води посебна евиденција.

Постапка со неврачени односно неиспорачани поштенски пратки од странство

21. Ако пратките од странство, оптоварени со царина и со други такси, не можат да се врачат, одредишната пошта ги испраќа таквите пратки до надлежната пошта на царинењето.

Неврачливите пратки поштата на царинењето ѝ ги поднесува на царинарницата односно на царинската испостава таа да изврши повторен преглед на таквите пратки. Ако утврди дека содржината на пратката е непроменета, царинската испостава го одзема дупликатот на увозната царинска декларација, а на уникатот и дупликатот на поштенско-царинската пријава, во која односната пратка е пријавена, врши потребни исправки, односно го потврдува враќањето на дупликатот на увозната царинска декларација. Раздолжување на увозната царинска декларација царинската испостава врши со повикување на бројот на увозно-провозната спроводница, а дупликатот го задржува.

Поштата на царинењето ги симнува сите етикети и забелешки ставени на пратката по нејзино пристигање во Југославија. Пакетите, заедно со спроводницата од став 2 на оваа точка, ѝ ги испраќа на излезната пакетска изменична пошта, а писмоносните пратки ѝ ги испраќа на надлежната писмоносна изменична пошта без спроводница.

Ако пратката што се враќа била поднесена на жигосување, уплатницата на износот на надоместокот за жигосување и сметката, по претходна проверка од страна на работникот на царината дека односната пратка е вратена, поштата на царинењето му ги доставува непосредно на органот за контрола на мерките и скапоцените метали кој го извршил жигосувањето, заради раздолжување.

Ако царинската испостава при царинскиот преглед на пратката запленила дел од содржината на пратката, поштата на царинењето е должна, по раздолжување на царинските давачки; да состави за тоа записник во дупликат.

За писмоносна пратка записникот се составува на Образецот Ц-11, а за пакет — на Образецот ЦП-14. На соодветното место на записникот се внесува ознаката: „Partie manquant du contenu est confisquée par l'autorité compétente douaniere" (Недостатниот дел од содржината е запленет од страна на надлежниот царински орган). Уникатот од записникот се испраќе со пратката, а дупликатот се задржува со односната поштенско-царинска пријава на поштата на царинењето.

Кога пакетот се враќа или се испраќа по примателот (реекспедирање на пакетот), поштата на царинењето составува „Пресметка на трошоците — „Bordereau" (образец ЦП-25), во која според текстот на образецот ја задолжува поштенската такса за поднесување на царинење, терминалната поштарина, како и другите трошоци со кои пратката била оптоварена. Пресметката на трошоците се приклучува кон спроводницата односно кон пакетот.

Вратените или реекспедираните пратки поштата на царинењето им ги испраќа на односните изменични пошти. Заклучоците што содржат пакети ги придружува увозно — провозна спроводница, што ја составува поштата на царинењето а ја заверува царинарницата. Уникатот ѝ останува на царинарницата, а дупликатот со картата на заклучокот и се испраќа на изменичната пошта, која по испраќањето на пратката во странство ѝ го предава на царинарницата при изменичната пошта.

Пратката за која не може да се утврди од која земја произлегува или пратката од која странскиот испраќач се откажал, одредишната пошта ѝ ја враќа на поштата на царинењето да ѝ ја предаде на царинарницата заради постапка во смисла на одредбите на Царинскиот закон. Таквата пратка поштата на царинењето ѝ ја предава на царинарницата односно на царинската испостава, со потврда на односната испорачана исправа. Дополнителна наплата на поштенските трошоци се врши од приходот од продадените стоки.

Постапка со неврачени односно неиспорачани поштенски пратки што се враќаат од странство

22. Ако поштенската пратка што произлегува од Југославија се врати од странство од која и да било причина, царинарницата врши повторен преглед на содржината на пратката и ако по поштенско-царинската декларација, што ја придружувала пратката, утврди дека содржината на пратката е непроменета, за таквата пратка нема да наплати царина и други давачки.

Ако во рок од 30 дена од денот на извршеното царинење царинарницата не прими извештај за уплата на царинските давачки, а пратката не е вратена односно царинската испостава не е известена за причината поради што царината не е уплатена, царинската испостава е должна да ги рекламира царинските давачки што ја товарат пратката. Во барањето за побарување царинската испостава е должна да ги наведе податоците за пратката што ја рекламира, и тоа: бројот на пратката, приемната пошта, името и презимето на примателот, одредишната пошта, износот на царинските давачки со кои е оптоварена пратката, бројот на поштенско-царинската пријава и редниот број под кој пратката е запишана во пријавата. Врз основа на тие податоци и на податоците од поштенско-царинската пријава, поштата на царинењето ќе состави баралница уште истиот а најдоцна следниот ден. Баралницата веднаш ѝ се испраќа на одредишната пошта со препорачано писмо, а понатаму се постапува според прописите за побарување на поштенски пратки.

Ако одредишната пошта утврди дека по вина на поштата во одреденото рок пратката не е врачена ниту вратена и дека царинските давачки не се уплатени во одреденото рок, поштарината за баралницата паѓа врз товар на поштата. Одредишната пошта е должна во рок од 24 часа да го исправи стореното пропуст, да ја реши баралницата и да ја врати до поштата на царинењето.

Ако одредишната пошта во рок од 24 часа по извршената наплата не ги уплати царинските давачки, е должна за тоа да го извести Поштенско-телеграфското и телефонско претпријатие во чиј е состав, кое веднаш ќе изврши уплата на царинските давачки во корист на царинарницата. Во противно царинарницата донесува решение со кое надлежното Поштенско-телеграфско и телефонско претпријатие ќе го обврзе да изврши уплата.

Ако се утврди дека одредишната пошта со пратката во се постапила според важечките прописи, таа ќе ја реши баралницата според прописите за поштенската служба и ќе ѝ ја врати на поштата на царинењето. Поштата на царинењето е должна да го наплати од царинската испостава пропишаниот износ на поштарината за побарување, да го налепи тој износ во поштенски марки на баралницата, да ги поништи марките со отпечаток на жигот и да ѝ ја предаде баралницата на царинската испостава.

23. Обрасците ПЦ-1, ПЦ-2, ПЦ-3, ПЦ-4, ПЦ-5, ПЦ-6 и ПЦ-10 наведени во точ. 6, 10 и 12 на ова упатство се отпечатени кон ова упатство и се негов составен дел.

Другите обрасци наведени во ова упатство се пропишани со посебни внатрешни и меѓународни поштенски прописи.

24. Ова упатство влегува во сила на 1 септември 1973 година.

Бр 01-01-Д-12065/1
8 август 1973 година
Белград

Директор
на Сојузната управа за царини,
Кемал Тарабар, с. р.

Образец ПЦ-1

жиг ОЦАРИНЕТО

Образец ПЦ-2

жиг ОЦАРИНЕТО

ОЦАРИНЕТО

Образец ПЦ-3

жиг СЛОБОДНО ОД ЦАРИНА

Образец ПЦ-4

жиг ПОДЛЕЖИ НА ЦАРИНА

Пошта _____

Образец ПЦ-5

жиг НЕ ПОДЛЕЖИ НА ЦАРИНА

Образец ПЦ-6

ПАКЕТ ОД СТРАНСТВО

Образец ПЦ-10

ПОШТА НА ЦАРИНЕЊЕТО
во _____

Примено на _____ 197 ____ во ____ часот

жиг

ПОШТЕНСКО-ЦАРИНСКА ПРИЈАВА бр. — од — 197— год.

Преглед и пресметка ќе изврши:

Поштенски работник _____

_____
Шеф на царинската испостава

Ред. број	Ден на уписот	Приемен број	Податоци за пратката				Оцаринето	
			Приемна пошта	Тежина	Презиме и име на примателот	Одредишна пошта	Број на увозната декларација	Забелешка
1	2	3	4	5	6	7	8	9
1								
2								
3								
4								
5								
.								
50								

Го примил дупликатот на Поштенско-царинската пријава со прегледаните пратки и придружните исправи (спроводници и друго)

_____ 197____

Поштенски работник _____

Потпис на поштенските работници присутни при царинењето

_____

_____

Потпис на царинските работници што извршиле царинење

_____

_____

ЗАБЕЛЕШКА: Колоните 1 до 7 ги пополнува поштата на царинењето, а колоните 8 и 9 ги пополнува царинарницата

654.

Врз основа на член 19 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/72), во согласност со Сојузниот извршен совет, Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ТАРИФАТА ПО КОЈА СЕ НАПЛАТУВААТ НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШАТ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА, НАРОДНИТЕ БАНКИ НА РЕПУБЛИКИТЕ И НАРОДНИТЕ БАНКИ НА АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ

1. Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини (во натамошниот текст: народните банки), за услугите што ги вршат во своето работење, наплатуваат надоместок по одредбите на тарифата од оваа одлука (во натамошниот текст: тарифата).

2. Надоместоците за извршените услуги народните банки ги наплатуваат од корисникот на услугата, ако со спогодба помеѓу корисникот на услугата и народната банка не е поинаку одредено.

Надоместоците од став 1 на оваа точка се наплатуваат во готови пари или со уплата по пат на инструментите на платниот промет.

3. За одделни корисници и за одделни видови работи народните банки можат да применуваат и пониски тарифни ставови од ставовите утврдени во тарифата.

4. За услугите што не се предвидени во тарифата височината на надоместокот се утврдува со посебна спогодба помеѓу корисникот на услугите и народните банки.

5. Народната банка на Југославија може со странски кореспонденти, врз база на реципроцитет, да договори и поинакви тарифни ставови од ставовите одредени во тарифата.

6. Ако странски кореспондент применува повисоки тарифни ставови од ставовите предвидени во тарифата, Народната банка на Југославија може спрема него да применува исто така повисоки ставови. Ако странски кореспондент применува пониски тарифни ставови од ставовите во тарифата, Народната банка на Југославија може спрема него да ги примени тие исти тарифни ставови. Ако странски кореспондент наплатува надоместоци чија наплата не е предвидена со тарифата, Народната банка на Југославија може надоместокот да го наплати во височината утврдена во тарифата на странскиот кореспондент.

Одредбата на став 1 од оваа точка народните банки можат согласно да ја применуваат и спрема странски државјани во нашата земја ако спрема нашите државјани во нивната земја се применуваат поинакви ставови отколку што се предвидени со тарифата.

7. Надоместоците за услугите по сите работи со странство народните банки ги пресметуваат врз основицата што се добива со примена на курсот што важел на денот на извршувањето на услугата според важечката курсна листа.

8. Надоместоците за услугите од точка 1 на оваа одлука што народните банки ги наплатуваат по одделни видови работи изнесуваат, и тоа:

Број на тарифниот став	Вид на работи	Височина на тарифниот став
1	2	3
	I. ДЕВИЗНИ РАБОТИ	
	а) Трансфери	
1.	Надоместок за работи на одржување на ликвидноста во плаќањата со странство	1‰ (од илјада); минимум 5 динари
2.	Дознака за странство и од странство	0,5‰ (од илјада); минимум 2 динари

Забелешки:

Надоместокот по тарифниот став 1 го плаќаат учесниците во девизното работење на прометот што се врши преку странски тековни сметки. Овој надоместок го плаќаат овластените банки по секоја дознака за странство или од странство извршена за сметка на своите комитенти, без оглед дали тие се извршуваат преку сметките на тие банки во странство или преку сметката на Народната банка на Југославија.

За работите што ги вршат народните банки, тие засметуваат и наплатуваат надоместок по тарифниот став 1 во сите случаи кога наплатуваат и надоместок по тарифниот став 2.

Надоместокот по тар. ст. 1 и 2 се наплатува, по правило, за дознаки за странство — од налогодавецот, а за дознаки од странство — од корисникот.

За работите на инкасо, документарни акредитиви и гаранции се наплатува, покрај надоместокот пропишан за односните работи, уште и надоместок по тар. ст. 1 и 2.

За чекови, кредитни писма и лични акредитиви надоместокот по тар. ст. 1 и 2 не се наплатува.

На дознаките од странство во корист на девизната сметка на странско лице не се наплатува никаков надоместок, а по диспозициите на сопствениците на тие сметки се наплатува надоместок по тар. ст. 1 и 2 ако дознаката се врши во странство и ако исплатата се врши во земјата.

По дознаките (вирманите) за странство и од странство за сметка на овластените банки, народните банки не ѝ засметуваат на овластената банка никаков надоместок ниту фактични трошоци, ако овластената банка постапува на ист начин спрема народните банки.

	б) Ефективни валути	
3.	Купување на валути	до 5 динари бесплатно; над 5 динари 1% (од сто); минимум 0,10 динари
4.	Продажба на валути	2% (од сто); минимум 2 динари
	в) Чекови, кредитни писма и лични акредитиви	
5.	Издавање на чек и кредитно писмо	1% (од сто); минимум 2 динари со додаток од 0,50 динари по секој чек односно кредитно писмо — на име трошоци

1	2	3
6. Анулирање на издадени чекови и кредитни писма	3 динари по чек односно кредитно писмо	
7. Откуп на чекови и исплата на кредитни писма влечени од странски заводи	до 100 динари	1,50 дин.
	над 100 до 200 динари	3 дин.
	над 200 до 1000 динари	5 дин.
	над 1000 динари	5‰ (од илјада)
8. Исплата на туристички чекови на Народната банка	бесплатно	
9. Отворање на лични акредитиви на странски заводи	3‰ (од илјада); минимум 3 динари	
10. Исплата на лични акредитиви издадени во странство	5‰ (од илјада); минимум 3 динари	

Забелешка:

Во тар. ст. 5 до 10 е засметан надоместокот по тар. ст. 1 и 2 па не се наплатува посебно.

г) Инкасо документи

1	2	3
11. Чекови, штедни книшки, полиси на осигурување, обврзници, добивки и др.:		
а) пратени во странство	1‰ (од илјада); минимум 3 динари; максимум 10 динари	
б) примени од странство	1‰ (од илјада); минимум 3 динари; максимум 200 динари	
в) исплати и враќања на царински депозити на странски патници	до 10 динари бесплатно; над 10 динари 1‰ (од илјада); минимум 2 динари	
12. Стоковни исправи:		
а) пратени во странство	1‰ (од илјада); минимум 5 динари; максимум 100 динари	
б) примени од странство	1‰ (од илјада); минимум 5 динари; максимум 200 динари	
13. Врачување на документи без наплата, враќање на документи по кои не можел да биде извршено бараното дејствие, како и други манипулации	бесплатно	

Забелешка:

Ако се врши трансфер на инкасиран износ, покрај надоместокот по тар. ст. 11 до 13 се наплатува и надоместокот по тар. ст. 1 и 2.

д) Меници

1	2	3
14. Инкасо меница:		
а) без протест	1‰ (од илјада); минимум 5 динари максимум 200 динари	
б) со протест	2‰ (од илјада); минимум 10 динари; максимум 300 динари	
15. Прибавување на акцепт	05,‰ (од илјада); минимум 5 динари; максимум 100 динари	
16. Праќање на меници во странство	20 динари по меница	

Забелешка:

Ако се врши трансфер на инкасиран износ, покрај надоместокот по тарифниот став 14, се наплатува и надоместокот по тар. ст. 1 и 2.

ѓ) Документарни акредитиви

1	2	3
17. Ностро акредитиви:		
а) отворање на акредитив	1‰ (од илјада) тримесечно; минимум 10 динари	
б) пренесување на акредитив, продолжување на рокот, како и други измени	5 динари по секоја промена	
18. Лоро акредитиви:		
а) отворање на акредитив по кој Народната банка на Југославија не влегува во обврска спрема домашен корисник — нотифициран акредитив	1‰ (од илјада); минимум 10 динари	
б) отворање на неотповиклив акредитив по кој Народната банка на Југославија влегува во обврска спрема домашен корисник	1,5‰ (од илјада); тримесечно; минимум 10 динари	
в) за потврда што Народната банка на Југославија ја дава по акредитив, што е отворен од страна на странски кореспондент	1,5‰ (од илјада); тримесечно; минимум 10 динари	

1	2	3
	г) спроведување на трговско кредитно писмо (Commercial Letter of Credit)	20 динари по писмо
	д) манипулација со исправите под а) и г) на овој тарифен став	1‰ (од илјада) од износот на поднесените исправи; минимум 10 динари
	ѓ) исплати по акредитивите наведени под б) и в) на овој тарифен став	1,25‰ (од илјада) од износот на поднесените исправи; минимум 10 динари
	е) пренесување на акредитив	Половина од тарифниот став одреден за нотификација, отворање односно потврда, сметајќи од износот што се пренесува: минимум 5 динари
	ж) продолжување на рокот на акредитив како и други измени	10 динари по секоја промена

Забелешки:

Надоместокот се наплатува однапред. Секое започнато тримесечје се смета како цело.

Налогодавецот по нестро акредитив е должен да ги намири сите надоместоци и трошоци со кои странскиот кореспондент ја товари народната банка.

При отворањето на нестро акредитив се наплатува истовремено надоместокот по тар. ст. 1 и 2 без оглед дали акредитивот се отвора како покриен или непокриен.

При исплатата на лоро акредитив се наплатува надоместокот по тар. ст. 1 и 2.

Тарифниот став 17 под б) се применува ако продолжувањето на рокот се врши пред истекот на првобитниот рок. Ако првобитниот рок истекол, не се применува тој тарифен став туку тарифниот став 17 под а) на неискористеното салдо на акредитивот.

е) Гаранции

1	2	3
19.	Нестро гаранции:	
	а) издавање на покриени гаранции	1,25‰ (од илјада) тримесечно, за период од денот на издавањето на гаранцијата до моментот на нејзиното користење, т.е. од настанувањето на обврската
		1‰ (од илјада) тримесечно, за период од денот на настанувањето на обврската за увозникот до денот на плаќањето на странскиот корисник, т.е. до денот на гаснењето на гаранцијата
	б) издавање на непокриени гаранции	2‰ (од илјада) тримесечно за сето време на траењето на гаранцијата
	в) измена на услови	10 динари (за двата вида)
20.	Лоро гаранции:	
	а) спроведување на гарантни писма на странски заводи, што се праќаат преку народната банка	20 динари
	б) гаранција по која народната банка не влегува во обврска — нотификација	1‰ (од илјада); минимум 10 динари
	в) манипулации со исправите под а) и б) на овој тарифен став	1,25‰ (од илјада); минимум 10 динари
	г) издавање на гаранција по која народната банка влегува во обврска спрема домашен корисник — конфирмација	1,5‰ (од илјада) тримесечно; минимум 10 динари
	д) исплата на исправи по гаранциите под г) на овој тарифен став	1,25‰ (од илјада); минимум 10 динари
	г) измена на услови	10 динари по секоја промена

Забелешки:

Како нестро гаранции се подразбираат гаранциите што народната банка ги издава спрема странство за сметка на домашни налогодавци. Како лоро гаранции се подразбираат гаранциите што во корист на домашни корисници ги издаваат странски заводи, или на нивно барање народната банка.

Надоместокот се наплатува однапред за секое започнато тримесечје, сметајќи од износот што е во важност на почетокот на тримесечјето.

При исплатите по гаранциите се наплатува надоместокот по тар. ст. 1 и 2.

Со надоместокот за издавање на гаранциите по тарифниот став 19 под а) и б) се опфатени сите други дејствија по гаранциите (прибавување на акцепт, преглед и праќање на исправи и сл.), освен измените на условите и извршувањето на трансферот.

При издавање на супер гаранции за сметка на домашни овластени банки, народната банка спрема тие банки ја применува половината на тарифниот став 19.

Ако тарифниот став на овластената банка е понизок од тарифниот став 19 се применува половината на тарифниот став на овластената банка.

1	2	3
	ж) Тековни сметки на странци	
21.	Лоро сметки:	
	а) уплати	бесплатно
	б) исплати	2‰ (од илјада); минимум 5 динари (му се засметува на корисникот на исплатата)
	II. ДРУГИ РАБОТИ	
	а) Работи на благајна и ликвидатура	
22.	Исплата преку пошта	1‰ (од илјада); минимум 0,50 динари; максимум 30 динари
23.	Посебно известување за исплата преку пошта (со повратница)	1 динар
24.	Замена на оштетени банкноти	од 500 динари — 25 динари по парче од 100 динари — 5 динари по парче од 50 динари — 2,50 динари по парче од 10 динари — 0,50 динари по парче од 5 динари — 0,25 динари по парче Ако во посебни случаи замената се врши во Народната банка на Југославија, за експертиза, реконструкција, процена и замена се наплатува по секое парче двоен износ
25.	Дополнителна замена на повлечени банкноти од оптек	2% (од сто) на номиналниот износ
26.	Продажба на таксени и даночни вредносници	3% (од сто) на номиналниот износ на продадените таксени и даночни вредносници (административни, судски и конзуларни таксени марки и менични бланкети), како и на износот на доплатениот данок на меничните бланкети
27.	Издавање на конзуларни таксени марки на Сојузниот секретаријат за надворешни работи	2% (од сто) на номиналниот износ на издадените конзуларни таксени марки

1	2	3
28.	Замена на оштетени, откуп на неупотребени и откуп на оштетени таксени и даночни вредносници	1% (од сто) на номиналниот износ; минимум 0,20 динари
29.	Благородни метали и сребро:	
	а) откуп на злато, платина и други благородни метали	бесплатно
	б) продажба на злато, платина и други благородни метали	1‰ (од илјада); минимум 2 динари
	в) откуп на сребро	бесплатно
	г) продажба на сребро	2‰ (од илјада); минимум 2 динари
	б) Остави	
30.	Чуварина за остави:	
	а) отворени остави	2‰ (од илјада) од вредноста на оставата; минимум 20 динари; максимум 500 динари
	б) отворени остави и остави на ракување	2‰ (од илјада) од вредноста на оставата; минимум 10 динари; максимум 100 динари
	в) штедни книшки	5 динари по парче
	г) затворени — запечатени остави со ознака на вредноста	1‰ (од илјада) од вредноста на оставата; минимум 5 динари; максимум 50 динари
	д) затворени — запечатени остави без ознака на вредноста	според тежината: 2 динари по килограм. Секој започнат килограм се смета како цел.
	ѓ) запечатени остави со резервни клучеви (само од банки)	за деловни и други банки 10 динари по остава
	е) остави на неврачени обврзници на државни заеми	1 динар по остава
31.	Специјални остави со скапоцености и странска валута:	
	а) чуварина	2% (од сто) од вредноста на оставата; минимум 10 динари; максимум 200 динари
	б) процена и продажба	8% (од сто) од вредноста на продадените скапоцености

1	2	3
	Забелешка:	
	Чуварината и надоместокот за проценатa и продажбата од тарифниот став 31 се наплатува од органот на управата на кого му припаѓала динарската вредност на специјалните остави што по судска пресуда или девизни прописи, а врз основа на одлука или решение на надлежниот орган, се одземени од сопственикот и минале во сопственост на општествената заедница.	
	Надоместокот по тар. ст. 30 и 31 под а) се пресметува однапред за тековната година.	
	в) Државни заеми	
32.	Исплата на купони и обврзници по државни заеми:	
	а) по внатрешни заеми	0,30 динари по исплатена обврзница, односно купон (се наплатува од надлежниот финансиски орган)
	б) по надворешни заеми	по посебна спогодба
33.	Амортизација на обврзници на државни заеми	бесплатно, само фактичните трошоци за изработка на дупликат на обврзница
	г) Разно	
34.	Обработка, извршување и книжење на налози за задолжувања и одобренија	0,60 динари по налог
35.	Изработка на дневен извод на сметка	0,50 динари по извод
36.	Изработка на преписи — изводи, картички, исправи и слично	1 динар по документ, односно страна
37.	Издавање на разни потврди и заверки на податоци	2 динари по потврда
38.	Амортизација на иселеничка штедна книшка	5 динари
39.	Издавање на обврзници и благајнички записи:	
	а) за сопствена сметка	бесплатно
	б) за сметка на други корисници	според посебна спогодба
	д) Фактични трошоци	
40.	Фактични трошоци	
	Забелешка:	
	Покрај надоместоците предвидени во тарифата, народната банка ги наплатува и сите фактични трошоци што ги имала во врска со извршувањето на услугата. Како фактични трошоци се сметаат следните издатоци:	
	а) поштарина за препорачани, експресни и авионски пратки, пратки со рецепис и други посебни ракувања со пратки, поштарина за пакети, како и транспортни трошоци;	
	б) трошоци за телепринтер, телеграма и телефонски разговор, освен месни телефонски разговори;	
	в) трошоци на материјали за посебни пакувања;	
	г) трошоци што ги засметуваат други банки во земјата, што учествуваат во извршувањето на работата;	
	д) провизија и трошоци што ги засметуваат странски банки;	
	ѓ) такси, данок и сл., што народната банка ги плаќа за сметка на корисникот на услугата;	
	е) трошоци на премијата за осигурување, што народната банка ги плаќа за сметка на корисникот на услугата;	
	ж) трошоци за правно застапување, судски трошоци и сл.;	
	з) трошоци на стручњаци за работа по барање на корисникот на услугата;	
	s) издатоци во врска со обработката на барање за одобрување на кредит;	
	и) трошоци за анализа, претопување и преработка на метали;	
	ј) други фактични издатоци што се направени по барање на корисникот на услугата.	
	Како фактичен трошок не се смета поштарината за обични писмоносни пратки, како ниту поштарината за препорачани и авионски писмоносни пратки за странство.	
	III. ПОСЕБНИ РАБОТИ	
41.	Кредитирање и финансирање од средствата на федерацијата:	
	а) по кредитите во користење	1% (од сто) годишно; пресметка полугодишно
	б) по кредитите во отплата	1‰ (од илјада) годишно, пресметка полугодишно
	в) по стасани обврски	1‰ (од илјада) годишно, пресметка полугодишно
42.	Обработка на барање за продолжување на рокот и за одлагање на плаќањето по кредитите	0,25‰ (од илјада) од износот на барањето; максимум 300 динари

9. Технички упатства за примената на тарифата дава Народната банка на Југославија.

10. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 38
26 јули 1973 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка
на Југославија,
Бранислав Чолановиќ, с. р.

655.

Врз основа на член 26 став 1 точка 1 од Законот за кредитните работи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/72), во согласност со Сојузниот извршен совет, Советот на гувернерите на Народната банка на Југославија донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗЗЕМАЊЕ ОД ПОЛАГАЊЕ ДЕПОЗИТ ПО СТРАНСКИТЕ ФИНАНСИСКИ КРЕДИТИ ШТО ВО СТРАНСТВО ГИ КОРИСТАТ ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД И ОВЛАСТЕНИТЕ БАНКИ

1. Финансиските кредити до вкупниот износ од 2.400,000 000 динари, што во странство ги користат организациите на здружениот труд и овластените банки за:

	Динари
1) завршување на изградбата на Алуминиумскиот комбинат, Титоград	288,000.000
2) дополнително учество на основните организации на здружениот труд на банките на Социјалистичка Автономна Покраина Косово	32,000.000
3) финансирање на изградбата на објекти во оние гранки на стопанството што според Општествениот план на Југославија за период од 1971 до 1975 година, имаат приоритет во развојот	2.080,000.000

не подлежат на обврската за полагање на пропишаниот депозит во височина од 75%.

2. Износите од точка 1 под 1, 2 и 3 на оваа одлука им се распоредуваат на републиките и на автономните покраини, и тоа на:

	Динари
Социјалистичка Република Босна и Херцеговина	324,800.000
Социјалистичка Република Црна Гора	329,808.000
Социјалистичка Република Хрватска	313,024.000
Социјалистичка Република Македонија	106,032.000
Социјалистичка Република Словенија	327,360.000
Социјалистичка Република Србија	623.872.000
Социјалистичка Автономна Покраина Војводина	258,624.000
Социјалистичка Автономна Покраина Косово	116,480.000

3. Народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини ќе ги регистрираат пријавите за склучените кредитни работи до износите предвидени во точка 2 на оваа одлука, а според распоредот на организациите на здружениот труд и на овластените банки што ќе го изврши надлежниот орган на републиката односно на автономната покраина .

Надлежните органи на републиките односно на автономните покраини, при одредувањето на намената и распоредувањето на правата за склучување во странство на финансиски кредити на организациите на здружениот труд и на овластените банки, ќе се придржуваат кон точка 5 на заклучокот на Сојузниот извршен совет од седницата од 26 јули 1973 година.

4. Народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини ќе ја известуваат Народната банка на Југославија за распоредот на правата за склучување во странство на финансиските кредити од точка 2 на оваа одлука.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 55
6 август 1973 година
Белград

Го заменува Претседателот
на Советот на гувернерите,
вицегувернер
на Народната банка на
Југославија,
Јошко Штрукељ, с.р.

656.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ФЕРОХРОМ И ФЕРОСИЛИЦИУМ

1 Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 28 јуни 1973 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за ферохром и феросилициум со тоа што производителските организации на здружениот труд своите постојни продажни цени, при задржување на постојните услови на продажбата, можат да ги зголемат, и тоа:

1) за ферохром surafine, база 65% Cr, 0,06% C	до	13%
2) за ферохром carbure, база 60% Cr 4 до 6% C	до	13%
3) за ферохром carbure, база 60% Cr, 6 до 8% C	до	13%
4) за феросилициум 45% Si	до	7%
5) за феросилициум 75% Si	до	7%
6) за феросилициум 90% Si	до	7%

2. Учесниците на оваа Спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа Спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите предвидени со Спогодбава, чиј оригинал се наоѓа во Стопанската комора на Југославија.

3. На оваа Спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 122/2 од 31 јули 1973 година.

4. Оваа Спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: Товарна душика — Руше, Хемиско-електрометалуршки комбинат „Југохром" — Јегуновци, Творница карбида и цијанамида „Далмација" — Дуги Рат код Сплита, Електрохемијска и електротермијска индустрија „Електробосна" — Јајце.

Претставници на купувачите-потрошувачи: Железара „Борис Кидрич" — Никшић, Рударско-металуршки комбинат Зеница — Зеница, Металуршки комбинат Железаре Сисак — Сисак, ЗПСЖ Железарна — Равне, ЗПСЖ Железарна — Јесенице, ЗПСЖ Железарна — Шторе.

657.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производството и претставниците на потрошувачката склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА БАКАРНИ КАЗАНИ ЗА БАЊИ

1. Претставникот на производителите и претставниците на потрошувачите на 8 ноември 1972 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за бакарни казани за бањи, со тоа што производителските организации на здружениот труд можат да ги зголемат своите постојни продажни цени при постојните услови на продажбата, и тоа:

1) за бакарен казан за бањи 13" со грејач	до	538,00 Дин/парче
2) за бакарен казан за бањи 13" со чеп	до	485,50 Дин/парче

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите предвидени со спогодбава, чиј оригинал се наоѓа во Стопанската комора на Југославија.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 365/1 од 7 август 1973 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставник на производителите: Ваљаоница бакра „Слободан Пенезиќ—Крцун" — Севојно.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Задругар" Трговинско предузеће — Белград, „Gramex" Трговинско подјетје — Љубљана, „Агровојводина" — експорт-импорт, Нови, Сад, „Караорман" Сервис за градежни материјали — Скопје, „Техномеркур" Трговачко подузеће на велико и мало — Карловац, „Електротехна" Подузеће за унутрашњу и вањску трговину електро и радио-материјалом — Загреб, „Технометал-Македонија" — Скопје, „Ферипорт" — Загреб, „Металка" Трговинско извозно ин увозно подјетје — Љубљана, „Грамат" Велетрговина-увоз-извоз — Загреб, „Меркур" — Крањ, „Јеклотехна" Трговско подјетје с технично железнино ин ковинским благом на дебело ин дробно — Марибор, „Ковинотехна" Велетрговина извоз-увоз ин малопродаја техничнега блага — Целје, „НАМА" Трговачко подузеће — Загреб, „ГРОСИСТ-ГОРИЦА" Трговско подјетје — Шempетер при Горици, „Метал" Трговинско предузеће металном и техничком робом на велико — Бања Лука, „Нова трговија" Трговско претпријатие на големо за трговија со мешовити и индустриски стоки — Битола.

658.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ВУЛКАНСКИ ТУФОВИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 21 февруари 1973 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за вулкански туфови, така што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите постојни продажни цени при постојните услови на продажбата, и тоа:

1) за „Опалска бреча", Куманово	до	35,00 дин/тона
2) за „Опалит", Чешиново	до	44,90 дин/тона
3) за „Неметали", Врањска Бања	до	46,20 дин/тона
4) за „Монтана", Жалец:		
а) некласиран	до	41,25 дин/тона
б) класиран	до	48,20 дин/тона
5) за „Ољка", Шмартно об Паки	до	41,25 дин/тона.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите предвидени со спогодбава, чиј оригинал се наоѓа во Стопанската комора на Југославија.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 118/1 од 6 август 1973 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Опалска бреча" — Куманово, „Опалит" — Чешиново, „Неметали" — Врањска Бања, „Монтана" — Жалец и „Ољка" — Шмартно об Паки.

Претставници на купувачите-потрошувачи: Пословно удружење југословенских цементара „Југцема", — Загреб, по овластување на организациите на здружениот труд: Цементара „Усје" — Скопје, „Поповац" — Нови Поповац, „Слобода" — Подсусед, „Трбовље" — Трбовље, „Далмацијацемент" — Сплит и „Салонит-Анхово" — Анхово.

УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

ОДЛУКА

ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНИТОСТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА ИЗНОСИТЕ ШТО СЕ ПРЕСМЕТУВААТ КАКО НАСТАНАТА ШТЕТА ПОРАДИ НЕОПРАВДАНО ИЗОСТАНУВАЊЕ ОД РАБОТА НА КОМБИНАТОТ НА ДРВНАТА ИНДУСТРИЈА И ШУМАРСТВОТО „ГРМЕЧ" ВО ДРВАР

I. Уставниот суд на Босна и Херцеговина му ја остапи на Уставниот суд на Југославија претставката на Радуловиќ Милан од Дрвар, во која е барана оцена на законитоста на одредбите на чл. 3 и 6 на Одлуката за височината на износите што се пресметуваат како настаната штета поради неоправдано изостанување од работа на Комбинатот на дрвната индустрија и шумарството „Грмеч" во Дрвар, бр. 05-14871/67 од 8 декември 1967 година.

Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 21 февруари 1973 година, донесе решение за поведување постапка за оценување на законитоста на сите одредби на наведената одлука.

Со одредбите на Одлуката е одредено дека работникот, кој самоволно ќе изостане од работа во Претпријатието е должен да ја надомести штетата што непосредно ја предизвикал, како и штетата што кај другите работници настанала поради застој во работата. Со одлуката се одредени мерилата и однапред се утврдени паричните износи за наплата на штетата по поодделни работни единици. Така со одредбата на член 3 од Одлуката е предвидено да се смета дека за еден час на неоправдано изостанува-

ње од работа во работната единица Потоци ќе настапи штета во износ од 2,81 динар, во работната единица Столарија — штета во износ од 2,28 динари, а во работната единица Автотранспорт — штета во износ од 5.92 динари. Износот на настанатата штета се наплатува по пат на запирање од личниот доход на работникот, врз основа на правосилно решение на дисциплинскиот орган.

II. Оценувајќи ја законитоста на одредбите на наведената одлука, по спроведената постапка и одржаната јавна расправа, Уставниот суд на Југославија утврди дека одредбите на Одлуката не се согласни со одредбите на чл. 47 до 49 од Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, со кои е регулирана материјалната одговорност на работниците, и тоа од следните причини:

Со одредбата на став 1 на член 47 од наведениот закон е пропишано дека работникот што во работата односно во врска со работата, намерно или од крајно невнимание ќе ѝ предизвика материјална штета на основната организација на здружениот труд е должен таа штета да ја надомести, а со одредбата на став 1 на член 48 од Законот е пропишано дека секој работник посебно е одговорен за дел на штетата што ја предизвикал, во случај кога штетата ја предизвикале повеќе работници. Според одредбите на член 49 од Законот, постоењето на штета и околностите под кои штетата настанала, височината на штетата и кој ја предизвикал штетата се утврдува во основната организација на здружениот труд, а ако работникот одбие да ја надомести штетата таа може да се оствари со тужба пред надлежниот суд.

Од наведените одредби на Законот произлегува дека секогаш треба да се надомести фактичната а не претпоставената материјална штета, а дека работникот е должен штетата да ја надомести само ако истата ја предизвикал со своја кривица, односно „намерно или од крајно невнимание".

Со одредбите на Одлуката, меѓутоа, спротивно со наведените одредби на Законот, е одредено дека работникот, што самоволно ќе изостане од работа, е должен материјалната штета однапред и во точно утврден износ да ја надомести и на работникот така утврдената штета му се наплатува по пат на запирање од личниот доход.

Од напред наведените причини, надоместокот на штетата што работникот во работата и во врска со работата ќе ја стори, мора посебно да се регулира и не може да се решава со намалување на личниот доход на работникот.

III. Согласно со изложеното, а врз основа на член 241 став 1 точка 3 од Уставот на СФРЈ и член 26 од Законот за Уставниот суд на Југославија, Уставниот суд на Југославија донесе

Одлука

1. Обврската за надоместок на материјална штета не може да претставува основ за намалување на личниот доход на работникот во однапред утврден паричен износ.

2. Се укинуваат одредбите на Одлуката за височината на износите што се пресметуваат како настаната штета поради неоправдано изостанување од работа на Комбинатот на дрвната индустрија и шумарството „Грмеч" во Дрвар, бр. 05-14871/67 од 8 декември 1967 година.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ" и во Комбинатот на дрвната индустрија и шумарството „Грмеч" во Дрвар на начинот на кој е објавена спорната одлука.

IV. Уставниот суд на Југославија, врз основа на јавната расправа одржана на 22 мај 1973 година, ја донесе оваа одлука во состав: претседател на Судот Блажо Јовановиќ и членови на Судот Боривое Ромиќ, Радивое Главиќ, Иван Божичевиќ, Радојка Катиќ, Димо Кантарциски, д-р Стане Павлич, Таип Таипи, д-р Александар Фира, Ѓуро Меденица, Ненад Петровиќ, д-р Иво Сунариќ и Јоже Земљак.

У бр. 237/72
22 мај 1973 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
Блажо Јовановиќ, с. р.

ОДЛИКУВАЊА

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 4 и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат

Од СР Босна и Херцеговина

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичка изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЗВЕЗДА

Мирјановић-Јелић Сида, Савић Миленко;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Азањац Драгиша, Фетахагић-Пирија Разија, Ковачевић-Калођера Бибијана;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Арнаутовић Софија, Бабић Сакиб, Берберовић др Љубомир, Црногорчевић Миодраг, Дукић Тодор, Дутина-Ивковић Душанка, Ђурица Косто, Целетовић Душан, Ферушић др Сеид Ивановић Божидар, Јонић Денијел, Кашиковић Јефто, Куносић Шефкет, Лончар Крсто;

